131	625	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
132	935	58	58	6.19%	0.06	1	П	А1	мешовит	добра
133	29	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
134	228	73	145	31.78%	0.64	1	П+Пк	А1	мешовит	добра
135	34	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
136	46	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
137	422	113	113	26.71%	0.27	1	П	А1	мешовит	добра
138	36	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
139	375	124	124	33.15%	0.33	1	П	А1	мешовит	добра
140	11	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
141	16	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
142	95	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
143	1112	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
144	734	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
145	660	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
146	1674	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
147	1141	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
148	421	92	184	21.88%	0.44	1	П+1	А1	мешовит	добра
149	577	91	182	15.78%	0.32	1	П+1	А1	мешовит	добра
150	293	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
151	267	120	240	45.00%	0.90	1	П+1	А1	мешовит	добра
152	304	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
153	908	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
154	273	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
155	218	58	58	26.38%	0.26	1	П	А1	мешовит	добра
156	318	102	203	31.98%	0.64	1	П+1	А1	мешовит	добра
157	196	85	170	43.35%	0.87	1	П+1	А1	мешовит	добра
158	222	88	176	39.54%	0.79	1	П+1	А1	мешовит	добра
159	221	105	211	47.69%	0.95	1	П+1	А1	мешовит	добра
160	62	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
161	287	100	100	34.83%	0.35	1	П	А1	мешовит	добра
162	379	91	274	24.07%	0.72	1	П+1+Пк	А1	мешовит	добра
163	35	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
164	18	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
165	1604	0	0	0.00%	0.00	0	/	улица	/	/
166	164	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
167	585	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/

168	507	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
169	575	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
170	211	85	170	40.47%	0.81	1	П+1	А1	мешовит	добра
171	208	87	174	41.82%	0.84	1	П+1	А1	мешовит	добра
172	406	116	232	28.54%	0.57	1	П+1	А1	мешовит	добра
173	378	99	199	26.30%	0.53	1	П+1	А1	мешовит	добра
174	387	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
175	157	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
176	328	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
177	390	35	35	9.10%	0.09	1	П	А1	мешовит	добра
178	318	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	
179	328	92	185	28.13%	0.56	1	П+1	А1	мешовит	добра
180	16	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
181	293	89	178	30.38%	0.61	1	П+1	А1	мешовит	добра
182	185	100	200	53.91%	1.08	1	П+1	А1	мешовит	добра
183	170	98	98	57.75%	0.58	1	П	А1	мешовит	добра
184	167	91	91	54.33%	0.54	1	П	А1	мешовит	добра
185	418	223	386	53.37%	0.92	3	П;П+1;П+Пк	А1	мешовит	добра
186	516	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
187	1495	194	330	13.00%	0.22	2	П;П+1	А1	мешовит	добра
188	377	67	133	17.70%	0.35	1	П+Пк	А1	мешовит	добра
189	548	89	89	16.25%	0.16	1	П	А1	руина	лоша
190	13	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
191	428	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
192	679	175	260	25.80%	0.38	2	П;П+1+Пк	А1	мешовит	добра
193	244	85	170	34.85%	0.70	1	П+1	А1	мешовит	добра
194	10	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
195	464	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
196	144	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
197	317	84	168	26.51%	0.53	1	С+П	А1	мешовит	добра
198	187	50	50	26.55%	0.27	1	П	А1	руина	лоша
199	168	92	92	54.56%	0.55	1	П	А1	мешовит	добра
200	352	91	273	25.86%	0.78	1	П+1+Пк	А1	мешовит	добра
201	11	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
202	360	97	97	27.09%	0.27	1	П	А1	мешовит	добра
203	380	47	47	12.49%	0.12	2	П	А1	руина	лоша
204	6	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
205	151	66	66	43.70%	0.44	2	П	А1	мешовит	добра
206	157	13	13	8.35%	0.08	1	П	А1	мешовит	добра
207	344	150	150	43.80%	0.44	2	П	А1	мешовит	добра
208	491	83	83	16.94%	0.17	1	П	А1	мешовит	добра
209	58	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
210	233	11	22	4.73%	0.09	1	С+П	А1	мешовит	добра
211	110	82	164	74.36%	1.49	1	С+П	А1	мешовит	добра
212	201	41	82	20.38%	0.41	1	П+1	А1	мешовит	добра
213	67	54	108	80.87%	1.62	1	П+1	А1	мешовит	добра
214	188	77	153	40.78%	0.82	1	П+1	А1	мешовит	добра
215	33	27	55	83.48%	1.67	1	П+1	А1	мешовит	добра
216	173	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
217	174	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
218	1522	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
219	302	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
220	1838	0	0	0.00%	0.00	0	/	река	/	/
221	97	0	0	0.00%	0.00	0	/	река	/	/
222	627	0	0	0.00%	0.00	0	/	/	/	/
223	1095	0	0	0.00%	0.00	0	/	пат	/	/
224	192	0	0	0.00%	0.00	0	/	река	/	/
225	21676	281	281	1.30%	0.01	2	П	Г2	мешовит	добра
ВКУПНО	**161830**	**15306**	**24422**	**9.46%**	**0.15**	**123**	**/**	**/**	**/**	**/**

2.1.5.3. Преглед на објекти по конструктивен систем

На теренот се регистрирани објекти во скелетен, масивен (скривница), мешовит и монтажен систем на градба.

	Систем на градба	Број на објекти	%
1	Скелетен	2	1.63%
2	Мешовит	116	94.31%
3	Масивен	1	0.81%
4	Руинирани	3	2.44%
5	Монтажен	1	0.81%
	Вкупно	**123**	**100.00%**

2.1.5.4. Преглед на објекти по спратност

	Катност	Број на објекти	%
1	П (приземје)	68	55.28%
2	С+П	3	2.44%
3	П+Пк	4	3.25%
4	П+1	41	33.33%
5	П+1+Пк	5	4.07%
6	П+2	1	0.81%
7	П+2+Пк	1	0.81%
	Вкупно	**123**	**100.00%**

2.1.6. Инвентаризација и снимање на градби од културно-историско значење

Од писменото известување добиено од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп, извршен увид во рамки на наведениот опфат при што е констатирано дека во предметниот опфат не се регистрирани остатоци од културно наследство.

Доколку при евентуални градежни или други земјени активности на наведениот простор се наиде на остатоци со културна вредност (архитектонски недвижни целини или археолошки движни наоди), инвеститорот е должен според Законот за заштита на културното наследство (член 65) да го извести НУ Завод и Музеј - Прилеп, да запре со активностите, да ја извести надлежната установа НУ Завод и Музеј - Прилеп и да овозможи стручни лица да извршат идентификација на наодите, а по потреба да се извршат заштитни археолошки ископувања

2.1.7. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура

2.1.7.1. Улична мрежа – сообраќај

Анализирајќи го планскиот опфат од аспект на сообраќајната инфраструктура, се констатира дека истиот се наоѓа источно од собирната улица „Трајко Николоски“ со ознака С6, јужно од собирната улица „Леце Котески“ со ознака С8, преземени од примарната мрежа на ГУП. Собирната улица „Леце Котески“ е артерија која опфатот го поврзува со излезот на градот кон Крушево. Од важечкиот ГУП преземена е и сервисната улица “Кеј 1^{ВИ} Мај” со ознака Ср10.

Сите сообраќајници се изведени, но ниедна од нив не е со напречен профил што соодветствува на планираниот според ГУП.

Западната и северозападната граница на опфатот е железничката пруга Прилеп - Битола

Во продолжение следува поделбата на јавните површини во границите на планскиот опфат.

		Тип на материјал			Вкупно ($м^2$)	%
		Асфалт ($м^2$)	Тампон ($м^2$)	Земја ($м^2$)		
Елементи на улична мрежа	Коловоз	13140	4779	0	17919	98.34%
	Тротоар	0	302	0	302	1.66%
	Плоштади, пешачки улици	0	0	0	0	0.00%
Вкупно		**13140**	**5081**	**0**	**18221**	**100.00%**

Површината на постојната улична мрежа (јавни површини) изнесува 18221$м^2$, или во однос на вкупната површина на планскиот опфат (18821$м^2$) изразена во проценти изнесува 11,26%.

Теренот е рамен, а доминантниот пад на теренот во рамките на планскиот опфат изнесува 0,01% во правец север-југ.

2.1.7.2. Хидротехничка инфраструктура

Општи податоци

Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 642,21 до 645,28м. Според состојбата на терен предметниот плански опфат се наоѓа во западниот дел од градот Прилеп. Површината на планскиот опфат изнесува 161831 $м^2$ односно 16,18ха. Доминантниот пад на теренот во рамките на планскиот опфат изнесува 0,01% во правец север-југ.

Вкупниот број на жители изнесува 607.

Сегашна бруто густина е 37,52 ж/ха

Под катастарски парцели со изградени објекти припаѓаат 76754$м^2$ или 47.43% од вкупната површина на планскиот опфат. Неизградено градежно земјиште изнесува 64729$м^2$ или 40,0%.

2.1.7.2.1. Водовод

Според добиените податоци од страна на ЈКП Водовод и канализација – Прилеп бр.03-12/247-1 од 11.09.2019 год, на улица “Леце Котески” поминува водоводна цевка со напречен профил од Ø300мм, од која се дели мрежа од цевки со профил Ф150 на улица "Трајко Николоски“ и Ф80 кон постојните објекти со намена Г2 и на улицата “Димитар Поп Георгиев Беровски” (Копаоник).

2.1.7.2.2. Фекална канализација

Според добиените податоци од страна на ЈКП Водовод и канализација - Прилеп, во рамки на опфатот е евидентирана фекална канализација со напречен профил од Ø600мм на ул."Леце Котески" и ул.”Трајко Николоски” и Ф200 на ул.”Димитар Поп Георгиев Беровски (Копаоник).

2.1.7.2.3. Атмосферска канализација

Според добиените податоци од страна на ЈКП Водовод и канализација - Прилеп, во рамки на опфатот е евидентиран канал на атмосферска канализација кој поминува по ул."Леце Котески" и ул.”Трајко Николоски”.

Сите водови се обележани во графичкиот прилог од документациона основа - Инвентаризација и снимка на постојната комунална инфраструктура.

2.1.7.3. Електроенергетска мрежа

Планскиот опфат на ДУП за блок 2.3, Општина Прилеп е со површина од 161831$м^2$ (16,18ха).

Според податоците добиени од ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Прилеп бр.10-3326/2 од 22.07.2019 год. се евидентирани се следните инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти:

- високонапонски кабелски водови
- среднонапонски кабелски водови
- трансформаторски станици
- нисконапонска кабелска ел.мрежа

Според добиените податоци снабдувањето со електрична енергија во Четврт 6, Блок 6.2, се врши од 1 ТС лоцирана во опфатот и една надвор од него во неопсредна близина од северната страна.

Постојните трафостаници се меѓусебно прстенасто поврзани со среднонапонски кабелски водови.

Постојните нисконапонски водови се положени во земјен ров, т.е.кабелски водови.

Квалитетот на електричната енергија со која се снабдуваат објектите ги задоволува постојните потреби.

Електричната енергија испорачана до постојните корисници е со потребен квалитет, со константна фрекфенција и напон кој се движи во дозволените граници.

По сообраќајниците евидентирано е дел на улично осветление со светилки поставени на бетонски столбови со висина Н=6м и светилки со метал халогени сијалици.

Високонапонската (35KV) и среднонапонската (10KV) електрична мрежа се во сопственост на ЕВН-Македонија АД Скопје, Кец-Прилеп.

Објектите во планскиот опфат на ДУП за Четврт 6, Блок 6.2, КО Прилеп, Општина Прилеп според податоците добиени од „Македонски Телеком“ АД Скопје, евидентирана е телекомуникациска инфраструктура и опрема.

Телекомуникационата – телефонска инсталација (мрежа) е во сопственост на ,,Македонски телеком,, АД-Скопје, а евеидентирана е и воздушна мрежа на постојните кабелски оператори ,,А1,,, Кабелнет и др.

Според податоците добиени од АЕК – агенција за електронски комуникации бр.1404-2056/2 од 24.07.2019 год. евидентиран канал со оптички кабли кој поминува по ул."Леце Котески" и ул.”Трајко Николоски”, додека на ул.”Кеј 1^{ВИ} Мај” поминува бакарен кабел.

Според податоците добиено од МЕР АД Скопје бр.03-3556/2 од 18.07.2019 год. Во рамки на планскиот опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа, но според податоци добиени од Идеен проект за гасификација на град Прилеп , планирана е гасоводна мрежа DN-140-SDR17 која поминува по ул."Леце Котески" и ул.”Трајко Николоски”.

2.1.8. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план

Планскиот опфат е дел од постојна планска документација од типот на измена и дополнување на генерален урбанистички план за град Прилеп, со плански период 2013-2023 год. донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015год.

Планскиот опфат е третиран со детален урбанистички план за УАЕ бр.8 дел, донесен со одлука на Советот на општина Прилеп бр.08-5548/1 од 23.11.1990 год.

Затоа и целта на изработката на овој ДУП е пред се усогласување на класите на намена со важечкиот ГУП, постојната состојба и Законската регулатива и почитување на имотно правни односи и сл.

Планскиот опфат досега е делумно урбанизиран по важечкиот ДУП и во него постојат градби со намена А1 - домување во станбени куќи, потоа останатиот дел е основна класа на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени, потоа основната класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, како и Е2 – комунална супраструктура (трафостаница до 20Кв).

Според важечкиот измена и дополнување на ГУП во делот на третираниот плански опфат предвидени се објекти со намена А – домување, потоа група на класа на намена Г – производство, дистрибуција и сервиси и основна класа на намена Д2 - Заштитно зеленило.

Од фактот дека за предметниот опфат, параметрите од важечкиот ДУП и од увидот на лице место констатирано е дека не може да се задоволат потребите на граѓаните и правните субјекти.

2.1.9. Анализа на можностите за просторен развој

Предметниот плански опфат претсавува дел од планскиот опфат на ГУП на град Прилеп со плански период 2013-2023 год. донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015год.

Планскиот опфат претставува блок за детално планирање, одреден како Блок 6.2.

Програмата за измена и дополнување на програмата за изработка на детални урбанистички планови на територија на општина Прилеп за 2019 год. донесена од Советот на општина Прилеп со Одлука бр.09-1389/7 од 12.04.2019 год. и одобрена Планска програма со бр.10-1532/5 од 04.10.2019 год.

Во планската документација изработка на ДУП за Блок 6.2, во целост ќе бидат вградени податоците од погоре цитираниот ГУП кој е во важност и во согласност со важечката законска регулатива:

Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14), Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.В на РМ бр.142/15), согласно член 7 од истиот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и корисниците на предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- зголемување на енергетската ефикасност на објектите
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност за реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија, топловод).

Реални можности за развој за локалитетот претставуваат:

- Површина за градба или утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на архитектонско-урбанистички проект, во оформени градежни парцели особено за потребите на образование и наука, здравство и социјална заштита.
- Степенот на искористеност на градежно земјиште ќе биде економски оправдан, доколку се обезбеди потребно ниво на сообраќајна услуга.

Во согласност со нормативите за планирање на сообраќајот, паркирањето на возилата да се обезбеди во рамките на сопствените парцели.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

2.1.11. Извод од план од повисоко ниво и други релевантни прилози

Планскиот опфат предмет за изработка на ДУП претставува дел од планскиот опфат на ГУП на град Прилеп со плански период 2013-2023 год. донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015год.

Во рамките на изводот од ГУП постои графички и текстуален дел. Во текстуалниот дел се цитирани планските одредби групирани како општи и посебни одредби.

Во документационата основа ќе биде приложен изводот од ГУП за предметниот плански опфат како и текстуалните одреби од истиот, како и изводи од соседниот ДУП со кои граничи планскиот опфат, а од кои се преземени граничните сообраќајници, доколку ги има.

Изработил:

Гордана Блашкоска д.и.а.
овластување бр.0.0376

_____

:

Мирољуб Чорбиќ д.и.а.
овластување бр.0.0518

_____

2.2. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

GRB.jpg

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА - ПРИЛЕП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: /
(број на извод)

БРОЈ: 10-216/2 од 16.07.2019 год.
(архивски број) (датум)

ГУП: град Прилеп, плански период од 2013-2023г.
(наслов на план и плански период)

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина
(име на надлежен сектор во општината)

Одлука бр.: 25-2888/5 од 28.12.2015г.
(број и датум на Одлука со која е донесен планот)

ИЗВОДОТ ЗА четврт 6,блок 6.2
(блок/ четврт/ урбана единица/ катастарска парцела во катастарска општина/ улица - сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

* Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:

- легенда
- профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
- табела со билансни показатели

* По потреба и заверена копија од други прилози со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

* Заверена копија од: општите и посебните услови за просторен развој, параметри за споредување на планот, плански услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
* По потреба и заверена копија од други услови;

изготвил: Панда Ризоска

контролирал: _____


ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА:

Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животната средина
Марика Јовческа

_____

М.П.

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ -СИНТЕЗЕН ПЛАН



плански опфат за изработка на ДУП
за четврт 6,блок 6.2

ЛЕГЕНДА- ЧЕТВРТИ, БЛОКОВИ И СООБРАЌАЈ


СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
	Граница на плански опфат на ГУП П=1928,80 ха
	Граница на Четврт
	Граница на Блок за детално планирање
2	Ознака за Четврт
2.1.1	Ознака за Блок
	Регулациона линија
	Комунална инфраструктура - сообраќајници
	Оска на сообраќајница
	Магистрални улици
	Собирни улици
М3	Ознака за магистрална улица
С18	Ознака за собирна улица
Ср1	Ознака за сервисна улица
ул."Цар Самоил"	Номенклатура на примарна улична мрежа
ул."Мирче Ацев"	Номенклатура на секундарна улична мрежа
36 (649,76)	Нивелманска вкрсна точка со нумеричка вредност за апсолутна надморска висина (z-координата)-примарна улична мрежа
36 (649,76)	Нивелманска вкрсна точка со нумеричка вредност за апсолутна надморска висина (z-координата)-секундарна улична мрежа
L=398,81 m i=3,26%	Нивелманско решение-примарна улична мрежа
L=498,00 m i=1,58%	Нивелманско решение-примарна улична мрежа
	Железнички коридор (заштитен појас 2 x 25,0 метри)
	Индустриски колосек
	Комунална инфраструктура - речни корита
	Мост
	Заштитен коридор на државните патишта А1 и А3е 2 x 20, 0 метри

ЛЕГЕНДА А-Електрика и телекомуникации

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
	10 КВ кабелски вод
	35 КВ кабелски вод
110KV	Далновод - 110 КВ (заштитен појас по 12,0 метри лево и десно од осовината на далноводот)
35KV	Далновод - 35 КВ (заштитен појас по 8,0 метри лево и десно од осовината на далноводот)
10KV	Далновод - 10 КВ
	Трафостаница 110/35/10(20) КВ
	Трафостаница 10(20)/0,4 КВ
	Телекомуникации

ЛЕГЕНДА А-Хидротехничка инфраструктура

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
Ø600	Водовод
Ø711,20	Регионален водовод "Студенчица"
Ø300	Фекална канализација
Ø300	Атмосферска канализација
Ø300	Хидросистем



ЛЕГЕНДА

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
	Граница на плански опфат на ГУП П=1928,80 ха
	Граница на наменска зона
А	Домување-група на класа на намена
А1	Домување во станбени куќи
А2	Домување во станбени згради
А3	Групно домување
Б	Комер. и деловни намени - група на класа на намени
Б1	Мали ком. и деловни намени
Б3	Хотелски комплекси
Б4	Градби за собири
А+Б	Мешана намена (А+Б)
В	Јавни институции - група на класи на намени
В1	Образование и наука
В2	Здравство и социјална заштита
В3	Култура
В4	Државни институции
В5	Верски институции
Г	Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намени
Г2	Лесна и незагадувачка индустрија
Г3	Сервиси
Г4	Стоваришта
Д	Зеленило и рекреација - група на класа на намени
Д1	Парковско зеленило
Д2	Заштитно зеленило
Д3	Спорт и рекреација
Д4	Меморијални простори
	Комунална инфраструктура - сообраќајници
	Комунална инфраструктура - речни корита
Е2	Комунална супраструктура
Е3	Некомпатибилна инфраструктура

ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ
ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА
ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ДОБРО
ГРАНИЦА НА НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО

РЕЖИМ НА ЗАШТИТА
СТЕПЕН НА ЗАШТИТА

① режим на заштита од прв степен
② режим на заштита од втор степен
③ режим на заштита од трет степен


ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА ГУП - ПРИЛЕП	НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП	
ГУП ЗА ПРИЛЕП 2009 ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ	Фаза: заштитно конзерваторски основи
РЕЖИМ НА ЗАШТИТА -СТЕПЕНИ НА ЗАШТИТА	Размер: 1 : 10000; Бр.бр. 08-1322
Раководител на тимот: Раководител на одделение - координатор Марика Јовческа	Јануари

Планска документација
СИНТЕЗЕН ПЛАН

M=1:5000


ОВЛАСТЕН ПОТПИСНИК
Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животната средина
Марика Јовческа

1. Железничка пруга со река Оревоечка




ПРОФИЛИ НА РЕЧНИ КОРИТА

1. Река Оревоечка




2. Река Дабничка



ИЗРАБОТИЛ
П.Ризоска

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ




- - - граница на плански опфат за четврт 6, блок 6.2

- - - граница на четврт 7

ИЗРАБОТИЛ,
П.Ризоска

ЛЕГЕНДА

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ
	Граница на плански опфат на ГУП П=1928,80 ха
	Граница на Четврт ПовршИна на Четврт
	Граница на Блок за детално планирање
2	Ознака на Четврт
2.1	Ознака за Блок за детално планирање
	Регулациона линија
	Сообраќај
	Железнички коридор
	Индустриски колосек
	Оска на сообраќајница
ул."Цар Самоил"	Номенклатура на примарна улична мрежа
ул."Мирче Ацев"	Номенклатура на секундарна улична мрежа
	Речно корито




Планска документација
ПОДЕЛБА НА ЧЕТВРТИ И БЛОКОВИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

M=1:5000

Раководител на одделение за урбанизам
и заштита на животната средина
Марика Јовческа

ГРАФИЧКИ ДЕЛ




граница на планski опфат за четврт 6, блок 6.2

ЛЕГЕНДА

СИМБОЛ	
	Граница на плански опфат на ГУП П=1928,80 ха
	Граница на Четврт
	Граница на Блок за детално планирање
2	Ознака за Четврт
2.1.1	Ознака за Блок
	Регулациона линија
	Комунална инфраструктура - сообраќајници
	Оска на сообраќајница
	Магистрални улици
	Собирни улици
M3	Ознака за магистрална улица
C18	Ознака за собирна улица
Ср1	Ознака за сервисна улица
ул."Цар Самоил"	Номенклатура на примарна улична мрежа
ул."Мирче Ацев"	Номенклатура на секундарна улична мрежа
36 (649,76)	Нивелманска вкрсна точка со нумеричка вредност за апсолутна надморска висина (z-координата)-примарна улична мрежа
36 (649,76)	Нивелманска вкрсна точка со нумеричка вредност за апсолутна надморска висина (z-координата)-секундарна улична мрежа
L=398,81 m i=3,26%	Нивелманско реШение-примарна улична мрежа
L=498,00 m i=1,58%	Нивелманско реШение-примарна улична мрежа
	Железнички коридор (заШтитен појас 2 x 25,0 метри)
	Индустриски колосек
	Комунална инфраструктура - речни корита
	Мост
	ЗаШтитен коридор на државните патиШта А1 и А3е 2 x 20, 0 метри


ПРОФИЛИ НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА СО УЛИЧНА МРЕЖА И РЕЧНИ КОРИТА

1. Железничка пруга со река Оревоечка




ПРОФИЛИ НА РЕЧНИ КОРИТА

1. Река Оревоечка




Ср 10



ул. "Кеј 1 Мај"
ул. "Кеј 9 Септември"

C6



ул. "Трајко Николоски"

ИЗРАБОТИЛ,
П.Ризоска

Планска документација

СООБРАЌАЈ и НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

M=1:5000

Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животната средина
Марика Јовческа

3.1.9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план

Генералниот урбанистички план е општа основа со која се насочува и регулира просторниот развој, организација и уредувањето на просторот кој се третира со планот.

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Со овој ГУП се утврдуваат глобални насоки за изработка на плановите од понизок ред.

Овие услови се применуваат во сите фази на разработка и реализација на ГУП (дел) и преставуваат негов составен дел.

Начелно ГУП има непосредна примена преку понатамошна изработка и донесување на детални урбанистички планови,

Со новата урбанистичка документација – Измени и дополнувања на ГУП (2013-2023 год.) се предвидуваат **12 Четврти.** Во прилог следува табелата со бројот и површините на планираните Четврти.

ПОДЕЛБА НА ГУП по ЧЕТВРТИ

број на Четврт	Површина на Четврт (ха)	Проц. учество (%)
1	121,75	6,31%
2	366,80	19,02%
3	134,73	6,99%
4	123,97	6,43%
5	190,65	9,88%
6	60,22	3,12%
7	59,50	3,08%
8	98,77	5,12%
9	120,74	6,26%
10	317,43	16,46%
11	95,69	4,96%
12	238,55	12,37%
Вкупно:	1928,80	100,00%

Четвртта е најголема организациона единица на градежното земјиште во градот која се состои од повеќе блокови кои претставуваат граници на урбани подрачја за детално планирање на просторот.

Блокот е помала организациона единица и претставува урбано подрачје за детално планирање на просторот. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици од примарната или секундарната улична мрежа, регулациони линии, или природни граници (реки).

Во **Четвртите** извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена и сите содржини што го пратат. Сите планирани четврти се со површини поголеми од 30 хектари.

Билансните показатели во рамките на планската документација содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните единици согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот. (СВ на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14). Истите се дадени во делот 3.3 – Нумерички податоци.

Графичките прикази и билансните показатели го почитуваат и се изработени врз основа на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(СВ на РМ бр. 63/12, 126/12,

19/13, 95/13, 37/14 и 125/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (СВ на РМ бр.78/06 и 37/14).

Со нив се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и друго наследство.

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Прилеп, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Урбанистички план за четврт и Детален урбанистички план (чии граници можат да бидат еден или повеќе блокови).

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со Просторниот план на Република Македонија.

3.1.9.1. Основни параметри за уредување на просторот

Со општите услови се дефинира планскиот опфат за да се реализира во се према важечката законска регулатива - Законот за Просторно и урбанистичко планирање Службен Весник на РМ бр.51/05, Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14, Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 63/12, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14, и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови СВ на РМ бр.78/06, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови СВ на РМ бр. 37/14, како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

1. Наменска употреба на земјиштето – класи на намена

Со Генералниот урбанистички план, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Членови 28,29,30 и прилозите 1 и 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - Сл. весник на РМ број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14):

А-Домување
А0- домување со посебен режим
А1- домување во станбени куќи
А2- домување во станбени згради
А3 -групно домување
А4- времено сместување
Б -Комерцијални и деловни намени
Б1- мали комерцијални и деловни намени
Б2- големи трговски единици
Б3- големи угостителски единици
Б4- деловни простори
Б5- хотелски комплекси
Б6- градби за собири
В- Јавни институции
В1 -образование и наука
В2 -здравство и социјална заштита
В3- култура
В4 -државни институции
В5- верски институции
Г -Производство, дистрибуција и сервиси
Г1- тешка и загадувачка индустрија
Г2 -лесна и незагадувачка индустрија
Г3- сервиси
Г4 -стоваришта
Д- Зеленило и рекреација
Д1- парковско зеленило
Д2- заштитно зеленило
Д3- спорт и рекреација
Д4- меморијални простори
Е Инфраструктура

Е1 комунална инфраструктура
Е2 комунална супраструктура
Е3 некомпатибилна инфраструктура

2. Под комбатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намена кои можат да егзистираат во иста наменска зона, блок или градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите и да не го надминуваат максимално дозволениот процент на учество даден во Прилог бр. 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. При изработка на планови од пониско ниво се дозволува употребата на компатибилните класи на намена на ниво на блок или наменска зона.

3. Граница на четврт ја определува најголемата организациона единица на градежното земјиште во ГУП – Четвртта, и истата го дефинира урбаното подрачје за детално планирање на просторот. Границата на четврт е дефинирана преку осовини на сообраќајниците од примарната улична мрежа, дел од границата на планскиот опфат, речни корита, или природни граници (водотеци, парцели и сл).

4. Граница на блок ја дефинира помалата организациона единица во ГУП и како дел од четвртта претставува урбано подрачје за **детално планирање на просторот**. Границата на блокот е дефинирана со осовини на сообраќајници од примарната улична мрежа, осовини на постојни сообраќајници од секундарната улична мрежа, речни корита или граница на плански опфат.

5. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба.

6. Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

7. Градежна парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење и истата има реден број и ознака за класата на намена.

8. Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

9. Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** се во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на планска документација од пониско ниво, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.

10 Процент на изграденост (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

11. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

12. При изработка на планови од пониско ниво да се планираат **максимални густини на домување** до 100 жители/хектар кај класата А0, до 150 жители/хектар кај класата А1, до 350 жители/хектар кај класата А2, односно до 300 жители/хектар кај класата А3.

13. При оформување на содржините во рамките на ДУП, во потполност да се почитуваат и применуваат Мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од Заштитно-конзерваторските основи за ГУП на град Прилеп, изработени од Националната установа „ Завод за заштита на споменици на културата и музеј – Прилеп“ со бр. 08-132/2 од 20.02.2009 година.

14. Во целост почитување и примена на Законот за заштита и спасување (СВ на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа: Законот за одбрана (СВ на РМ бр.42/01, 05/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11), Законот за заштита и спасување (СВ на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14), Законот за управување со кризи (СВ на РМ бр.29/05, 36/11 и 41/14), Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.весник на РМ бр. 80/2005),

Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ бр.105/2005).

15. Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, (СВ на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) кој е во согласност со директивите на Европската Унија, како и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (СВ на РМ бр.100/10)

Согласно кон изнесеното предвидени се следните плански мерки за заштита од пожар:

- Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Ова ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10,0 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.
- Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изградба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притосок што овозможува непречено и брзо движење на ПП возила.
- Во Прилеп се наоѓа противпожарна единица која е опремена со ПП возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на ПП возило е околу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Потребно е да се предвидат надземни (или подземни) пожарни хидранти за снабдување на ПП возила со вода за гасење.

16. По однос на **заштита од природни непогоди,** објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на **технолошките непогоди,** треба да бидат превземени сите мерки за заштита со изработката на проектите и премената на соодветната технологија.

17. При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина**, при оформувањето на зелените површини,а поконкретно разработени на ниво на ДУП или на ниво на Арх.-Урбанистички проект.

18. За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од поглавје 13, членови 77-81, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 63/12, и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање СВ на РМ бр. 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14).

19. Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент преку изработка на архитектонско-урбанистички проект или во состав на основниот проект задолжително е детално разработено ситуационо решение за партерно уредување.

20. Процентот на озеленетост е планска одредба во урб. план во рамки на градежната парцела, блокот или четврта. Процентот на озеленетост на ниво на урбана единица се добива кога ќе се соберат сите предвидени озеленувања во урбаната единица (јавно зеленило и зеленило планирано во пооделни градежни парцели).

21. Да се планираат тампон зони со заштитно зеленило (Д2) со ширина од 10,0 метри кај површини со некомпатибилни намени и постојни индустриски капацитети.

22. При изработка на УП за Четврт или ДУП, за граница на плански опфат да се земе границата на еден или повеќе блокови за детално планирање дефинирани во овој план.

23. При измена и дополнување на ДУП, се дозволува одредување на плански опфат чии граници се осовини на речни корита и улици од примарната или секундарната улична мрежа, кои се веќе дефинирани со постојна планска документација.

3.1.9.2. Основни параметри за уредување на просторот во делот на сообраќајот

1. Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје.

2. Паркираните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

3. Јавно паркирано или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирани и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини. Сите останати паркирани и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

4. Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи ќе се врши според детални урбанистички планови и тоа првенствено во централното градско подрачје и неговата поблиска околина.

5. Крстосувањето на железницата со собирната улица С6 „Трајко Николоски“ кај Транспортниот Центар е решено на едно ниво со потребна вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација. Останатите крстосувања со примарната улична мрежа се решени со денивелирани крстосници во две нивоа. За добивање на одобрение за секаков вид градби (патишта, комунална инфраструктура и комунална супраструктура) потребно е да се достави барање до ЈП Македонски Железници - Инфрастуктура за добивање на конечна согласност.

6. Заштитниот појас на железницата изнесува по 25,0 метри од двете страни на осовината на крајните колосеци (според Законот за железнички систем - Службен Весник на РМ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13 и 42/14).

7. Во заштитниот појас на железничката пруга можат да се градат згради и други објекти и да се поставуваат постројки и уреди врз основа на одобрение под следниве услови:

- Во населени места, планински или мочуришни терени или други места каде што теренските услови го бараат тоа, може да се одобри отворање на рудници, каменоломи, изградба на објекти за производство на вар, тули, подигање индустриски згради, постројки и други слични објекти во заштитниот појас покрај железничката пруга, ако земјиштето на кое се наоѓаат овие постројки се наоѓа на подрачјето кое органот на општината го определил за изградба на објекти и постројки, но не поблиску од 50,0 метри од оската на крајните колосеци.

- Во населени места и на земјиштето од претходната точка, може да се одобри изградба на станбени, деловни, помошни и слични згради, копање бунари, резервоари, септички јами и слично, подигање електрични далноводи во заштитниот појас покрај железничката пруга, но не поблиску од 25,0 метри сметајќи од оската на крајните колосеци.

- Во пружниот и заштитен појас и на објектите на железничката инфраструктура можат да се поставуваат натписи и рекламнни паноа на оддалеченост од најмалку 7,0 метри од крајната точка на пружниот појас, со претходно одобрение од управителот на инфраструктурата.

8. Со ГУП се овозможува проширување на железничката мрежа во работните зони каде за тоа има услови, со цел што поголем број локации за разни видови работни активности да бидат директно поврзани со железница. Правно или физичко лице може да има индустриски колосек, приклучен на железничката инфраструктура, како и индустриски колосеци, постројки, уреди и објекти на тие колосеци, железнички возни средства и други средства изградени по посебни нормативи и стандарди. Приклучувањето на индрустриската железница и индрустриски колосеци се уредува со договор меѓу управителот на инфраструктурата и претпријатието, правното или физичкото лице чија што индрустриска железница, односно индустриски колосек е приклучен.

9. Определување на простори за паркирање и запирање на возила се врши со проекти за сообраќај во постапка утврдена со закон, според критериумите дефинирани со планерските карактеристики и проектните услови и елементи на уличната мрежа, како и според стандардите и нормативите од областа на сообраќајот.

10. Локациите на нови бензински пумни станици да се дефинираат при изработка на ДУП при што треба да се запазат сите пропишани стандарди (сообраќајни, безбедносни, еколошки и планерски) за поставање на ваков вид објекти, согласно законската регулатива (Законски и подзаконски акти од областа на уредување на просторот, безбеност на сообраќајот, заштита на животната околина, ППЗ и други релевантни прописи).

11. Во подрачјето на Градот, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи.

12. Начинот на вкрстосување на улиците од примарната сообраќајна мрежа во градот Прилеп е дефиниран според утврдената категоризација, како и усвоените функционални нивоа. Сите вкрстосувања на примарната со секундарната улична мрежа се решени во ниво, со поставен сообраќаен знак за дефинирана предност на улиците, а по потреба и со светлосна – семафорска сигнализација.

13. Крстосниците во и надвор од ниво, како и врските меѓу магистралните и сервисните улици прецизно се дефинираат во идејните и главните проекти за реализација на поедини сообраќајници.

14. Вкупниот попречен профил на сообраќајниците од примарната улична мрежа ќе може да се намалува само во димензиите на тротоарите на места каде постојни објекти навлегуваат во регулацијата, но не повеќе од минимално утврдените димензии на тротоарите согласно член 68, став 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (СВ на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14 и 125/14). Конкретизацијата на утврдениот попречен профил на сообраќајниците од примарната улична мрежа ќе се изврши со изработка на Урбанистички планови за четврт и Деталните урбанистички планови.

15. Етапност во реализацијата на примарната сообраќајна мрежа според Генералниот урбанистички план на Град Прилеп треба да се примени особено во коридорите на магистралните улици за експлоатациони брзини поголеми од 60 км/час.

16. Етапност во реализацијата на примарната сообраќајна мрежа може да има и при изградба на булеварите, при што како прва фаза може да се изгради и да се стави во функција како заокружена сообраќајно-технолошка целина само едниот коловоз од булеварот.

3.1.9.3. Услови за движење на лица со инвалидитет

Јавните пешачки површини, улиците, пристапите до јавните објекти, објектите за повеќесемејно домување, објектите во кои се вработени инвадилизираните лица, хоризонталните и вертикалните комуникации и слично, треба да бидат планирани во плановите од пониско ниво и изведени на начин кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или количка, инвалидски автомобил и други помагала (звучни сигнали за лицата со оштетен вид, светлосни сигнали за лицата со оштетен слух и сл.) непречено одвивање на секојдневните активности, се според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 63/12,126/12, 19/13, 95/13 и 37/14 и 125/14), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

3.1.9.4. Основни параметри за уредување на просторот во делот на заштита на културното наследство

1. При изработка на планска документација од пониско ниво, потребно е да се утврди точната позиција на утврдениот **локалитет со културно наследство** дефиниран во заштитно конзерваторските основи и ГУП Прилеп. Доколку се утврди дека планираните содржини се во зоната на локалитетот со културно наследство, потребно е да се применат плански мерки за заштита на недвижното културно наследство и изработка на Заштитно-конзерваторски основи.

2. Режим на заштита од прв степен

Со оглед на предложената категорија на спомениците и елементите и карактеристиките кои ги поседува, споменичките комплекси и основните културни добра со статус на културно наследство од **особено значење,** се определува зона на **строга заштита** во согласност со одредената категорија - големо значење и подлежи на режим на заштита од **прв степен,** што подразбира строга заштита во согласност со одредената категорија и подлежи на чување, одржување, негување и користење на добрата согласно со нивната намена како и конзервација или слични зафати на непосредна заштита врз основа на изработени конзерваторски проекти и обезбедено конзерваторско одобрение од надлежната институција - Управата за заштита на културното наследство.

3. Во контактната зона се одредува **ограничена заштита** - гарантирана заштита кој подразбира режим на заштита од **трет степен** што значи задржување на постојната состојба или ограничување на изградба во поглед на габарит и височина и дополнување на просторот спротивно на деталните урбанистички планови.

4. Контактна зона на „Стара Чаршија" - „Мала Чаршија"

Во контактната зона се одредува **ограничена заштита** - гарантирана заштита која подразбира режим на заштита од **трет степен** што значи задржување на постојната состојба или ограничување на изградба во поглед на габарит и височина и дополнување на просторот спротивно на деталните урбанистички планови. Височината на предвидените објекти во урбанистичките планови се ограничува на **П + 1 кат.**

Дејствијата што може да предизвикаат промени на заштитеното добро или да го нарушат или девалвираат интегритетот на доброто да се усогласат со законската регулатива за заштита на културното наследство. Заштитеното добро да биде вградено во сите идни ГУП и ДУП на Прилеп со пропишан режим на заштита.

5. Режим на заштита од втор степен

За предложената категорија на споменици кои се наоѓаат во споменички комплекси, контактни зони или како основни културни добра надвор од границите на целините како **значајно културно наследство** и елементите и карактеристиките кои ги поседува, се предлага режим на заштита од **втор степен** што подразбира зачувување на изворната состојба, екстериерот и архитектонскиот израз во согласност со одредената категорија и подлежи на чување и одржување на добрата согласно пропишаната законска регулатива

Не се дозволува вградување и замена на градежните елементи и материјали кои не соодејствуваат со карактеристиките на доброто, неговиот архитектонски израз, спецификите и времето на настанување.

Можност за адаптација на ентериерот за потребите на современото живеење, можност за ревитализација и уредување на парцелата која му припаѓа.

3.1.9.5. Основни параметри за уредување на просторот во делот на заштита на човековата околина

(Стратешка оцена за влијанието врз животната средина)

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратешка оцена на животната средина за реализација на Генералниот урбанистички план на Општина Прилеп, се следните:

1. Изготвениот Генерален урбанистички план е основа за изработка на плановите од понизок степен – Урбанистички планови за четврт и детални урбанистички планови за блоковите на градот Прилеп. Тој ги определува границите на урбаните четврти и блокови главно по оските на сообраќајниците, природните граници и водотеците.

2. Мерки за заштита на животната средина кои се специфични за секоја од урбаните единици треба да бидат поединечно утврдени со самата изработка на Урб. планови за четврт и Деталните урбанистички планови.

3. Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во предлог Генералниот урбанистички план.

4. Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија.

5. Спроведување на мерките за заштита и спасување, дефинирани во планската документација.

6. Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на стручна расправа.

31. На местата каде што се образува поголема количина на отпадно ѓубре ќе се поставуваат специјални садови или бункери но така да не бидат на дофат на луѓето и да не ја загадуваат човековата околина односно да бидат замаскирани со зелетно зеле-нило. Нема да се дозволи поставување на садови или бункери со ѓубре на јавни прометни или зелени површини или изградба на било какви депонии во границите на опфатот на Планот.

VI. РАСТОЈАНИЕ ПОМЕЃУ ОБЈЕКТИТЕ И РАСТОЈАНИЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ДО УЛИЦАТА

32. Определеното растојание со Планот помеѓу објектите и од објектите до улицата е ориентационо. Со решението за локација и урбанистичката согласност ќе се определи соответното растојание со тоа што ќе се почитуваат поставките на Планот, урбанистичко техничките норми постојат состојби и овој Правилник.

33. Растојанието помеѓу објектите треба да резултира од хоризонталната и вертикална разграничност на градежните објектите а притоа да се овозможи доволно инсолација на истите барем од една позолна страна на светот со ориентирање на отворите на повеќите простории на таа страна.

Растојанието помеѓу објектите исто така треба да овозможи соответна против пожарна заштита, хигиенски услови за становање и градба во сеизмички активни подрачја.

34. Растојанието на објектите од улиците се дефинирани во согласност со категоријата на улиците но не помалку од 5 метри од внатрешната линија на тротоарот.

Во исклучителни случаи кога тротоарите се пошироки од 2м. објектите можат да се лоцираат и на самата внатрешна линија на тротоарот а спратовите можат да имаат и еркери со најголема надворешност од 1,5м над тротоарот.

Во блокот за реконструкција, растојанието од улиците да биде произволно, во согласност со веќе оформените градежни линија.

VII. ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

35. Градежните парцели одредени со графичките прилози на Планот ќе се определуваат со читање и графичко одмерување на Планот и геодетско нанесување на теренот. Доформување на градежните парцели ќе се врши во согласност со Законот на градежно земјиште и во случај кога:

- земјиштето за доформување е неопходно за формирање на парцелата односно изградба на објектот.

- со земјиштето за доформување и ќе се маркира постојната регулациона линија на соседните градежни или катастарски парцели односно нормалното одвивање на сообраќајот по постојните улици и ќе се затворат неопходни приклони до постојни и ново предвидени објекти.

- со земјиштето за доформување се доформуваат сите парцели на одреден потег на улица односно ако тоа е неопходно за регулирање на целата улица.

36. Заради интензивирање на изградбата решение за локација за изградба, доградба, надградба или реконструкција на објектите може да се издава и на дефинитивно неоформени парцели со тоа што градењето ќе биде под објект и ако постојат улиц можат да се ограден прилози до улиците.

VIII. ГРАДЕЖНА РЕГУЛАЦИОНА И НИВЕЛАЦИОНА ЛИНИЈА

37. Градежната регулациона и нивелациона линија ќе се определуваат во се спрема Планот, геодетските подлоги и теренот.

Градежната регулационата и нивелационата линија можат да се определуваат иво зависност од теренските услови, изградените објекти постојните нивелациони, градежни и регулациони линии на околниот терен и сл.

38. Ако со Планот не е одредена градежната, регулационата или нивелационата линија истата може да се определи со графичко одмерување на Планот однос с спрема изградените објекти кои со Планот се задржуваат можат да се доградуваат, надградуваат или реконструираат како и спрема постојните градежни, регулациони односно нивелациони линии на околните улици.

39. Ако според Планот не е одредена котата на сутеренот односно приземјето истата може да се одреди во фаза на претходни геодетски мерења врз база на постојна изгр дена или неизградена улична мрежа, теренските услови, документацијата на објектот или постојните објекти кои се задржуваат и можат да се доградуваат изградуваат или реконструираат.

IX. ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

40. Ако одреденикот пристап кон објектот со Планот не е реализиран или таков неможе да се одреди или реализира, а во одредена површина предвидена е изградба на објектот или таков може да се предвиди објектот може да се одобри да се гради во согласност со инвеститорот и со обврска дека тој самиот ќе си ги регулира работите околу пристапот.

41. На постојните улици, плоштади, крстосници, патеки и сл. реализирани или нереализирани според Планот можат да се изведуваат работи од областа на водовод, канализација, електрификација, ПТТ мрежа, топловодни и сл. во склоп на поголемо комплексно решение или ако тие работи преставуваат подобрување на состојба а од соодветната комунална инсталација, а се во склад со соответни изведбени планови за инфраструктура.

42. На постојните улици, плоштади, крстосници, патеки и сл. можат да се изведуваат работи за изградба, доградба и реконструкција како и работи за тековно одржување, иако улиците не се реализирани и според Планот.

43. На просториите во близина на сообраќајници по кој поминуваат автобуси на градскиот, приградскиот сообраќај и сообраќајот на работните организации, можат да се изградуваат простори за автобуски постројки, иако тоа не е предвидено со Детален план а воредно времено подобрување на состојбата во сообраќајот.

44. На слободните површини во близина на јавните и општествените објекти, иако не е тоа предвидено со Планот можат делови од истите времено да се наменат за паркирање или времено да се определат.

45. На сите сообраќајници предвидени со Планот како и на простори каде за тоа има потреба можат да се изведуваат работи од хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација, семафори, сообраќајни знаци, обележување на улиците, паркиралиштата и пешачките премини и сл.

X. ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

46. Предвиденото со Планот деловен простор самостојно или во оклоп на објектите треба да се гради на начин и под услови кои се определени со Законот за деловните згради и деловните простории и другите прописи од соответната област.

47. Во колку е задоволен максимумот на станбен простор по член на семејството од 20м/ж. и пропратни простории во објектот (гаражи, визби, помошни простории и сл.) во станбените објекти кои што се предвидени со Планот со урбанистичката согласност може да се дозволи изградба на деловен простор на начинот и под услови определени со Законот за деловни згради и деловни простории и другите прописи од соответната област на лица кои обавуваат дејност со личен труд и средства.

48. Во објектите кои се изградени, задржани со Планот можат да се доградуваат надградуваат или реконструмираат во колку е задоволен максимумот на станбен простор по член на семејството и пропратни простории во објектот, (гаражи, визби, помошни простории и сл.) може да се дозволи проширување на дел од објектот во деловен простор на начин и под услови определени со Законот за деловните згради и деловните простории и другите прописи од соответната област.

49. Изградениот деловен простор во објекти е кои се изградени задржани со Планот можат да се доградуваат, надградуваат или реконструмираат а во кои се обавува дејност можат и понатаму да се задржат како деловен простор во колку се исполнети урбанистичко архитектонските услови и условите предвидени со Законот за деловните згради и деловните простории и другите прописи од соответната област.

50. Во дворните места во ново изградените објекти нема да се дозволува изградба на деловен простор. Согласно Детелниот урбанистички план е определен простор за изградба на деловен простор.

51. Големината на Деловниот простор може да изнесува максимум 1/3 од вкупната развиена површина задоволувајќи ги потребните 20м/ж. корисна станбена површина, гаража, помошна просторија и скривница во приземјето или сутеренот.

52. За објекти кои не се задржани со Планот, се до успојувања на тој простор, согласно со Планот, може да се дозволи проширување времено, од станбен во деловен простор, за дејност со личен труд и сопствени средства, согласно со Законот за деловните згради и деловните простории и другите прописи од соодветната област.

XI. ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

53. Подигање на зелени површини ќе се врши во просторот на опфатот на Планот на површини кои што се предвидени за тоа намена.

Со решение за локација ќе се определи обврската за подигање на зелени површинк во просториите на градежните парцели со тоа што за колективните станбени згради, јавните и општествени објекти ќе се пропишат посебни урбанистичко архитектонски услови за подигање на зеленило, а инвеститорот ќе се задолжи да изработи посебен прилог на проектот согласно предвидените норми.

54. Подигање на зелени површини ќе се врши во просторот на опфатот на Планот и на сите слободни површини кои што не се предвидени за изградба на објекти од висока и ниска градба.

55. На сите улици во границите на опфатот на Планот соответно на категоријата на истите може да се одобри и обезбеди простор за создавање на дворови или зелени појаси и заради санитарна заштита. Сите паркиралиштата во границите на опфатот на Плано ќе се заштитат со зеленило.

56. Се до реализација на Планот на сите слободни површини може да се одобри подигање на зеленило кое нема да биде од поголема вредност иако не е истата предвидена со Планот.

57. На сите слободни површини се до реализација на Планот како тоа не е предвидено со истиот може да се одобри изградба на детски игралишта, игралиштата за спорт и рекреација ако со тоа не се нарушува нормалното функционирање и користење на изградените објекти.

58. На слободните површини и ако тоа не е предвидено со Планот може да се постават разни клупи за седење, фонтани, чешми и сл. со кои се подобрува урбанистичко архитектонскиот изглед.

59. На слободните површини иако тоа не е предвидено со Планот можат да се постават елементи од градска опрема со кои се подобрува урбанистичко архитектонскиот изглед: надписи, реклами, столбови, табли, украсни сводови, споменици, кастрелиците разни автомати, киосци, телефонски говорници и сл. но на место кои не го нарушуваат архитектонскиот изглед и не ќе загрозуваат безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

60. Сите измени и дополнувања на овој Правилник ќе се вршат во постапка како и за неговото донесување.

Секаква техничка интервенција во Планот во склад со овој Правилник како и целокупната документација од спроведувањето на истиот ќе бидат подведени начини ќе се елаборираат и ќе станат составен дел на Планот, ќе служат како документи за реализација на урбанистичкиот План, ~~xxxxxxxxxxxxxxxxxxx~~ а ќе бидат внесени во истиот.

61. За дефинираните технички податоци што не се содржани во Планот како и податоците што произлегуваат од овој Правилник со нивно комплетирање ќе ги решава Секретаријатот за урбанизам на СО - Прилеп.

62. Во случај определени работи да не се предвидени со Планот и овој Правилник ќе се применува Правилникот за примена на основниот урбанистички план на градот Прилеп и Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање како и донесените одлуки и други прописи од оваа област.

63. За примена и спроведување на овој Правилник ќе се грижи Секретаријатот за урбанизам при Собранието на Општина Прилеп.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА - ПРИЛЕП

БРОЈ: 10-1671/5 од 07.07.2021 год.
(архивски број) (датум)
Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: xxxxxxxxx
(број на извод)

ПЛАН: ДУП за УАЕ бр. 21,УБ 21,01-дел, и УАЕ 8, дел од УБ 8.01

УП за село: xxxxxxxxxxx

УП вон нас. место: xxxxxxxxxxx

Одлука бр.: 07-1915/15 од 27.07.2012 год.

Намена на градба: СОБИРНА УЛИЦА С6

Ул. xxxxxxxxxxx бр. xxxxx

К.О. Прилеп (катастарска општина) К.П. 24160/1 (бр. на кат. парцела)

ДЛ: xxxxxxxxxxx (број на детален лист) М 1:1000 (размер)

ИЗВОДОТ ЗА СОСЕДЕН ДУП НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП ЗА БЛОК 6.2
(една или повеќе градежни парцели/ катастарска парцела во катастарска општина/ блок/ четврт/ урбана единица/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

* Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:

- легенда СИНТЕЗЕН ПЛАН
- табела со нумерички показатели СИНТЕЗЕН ПЛАН

* По потреба и заверена копија од други прилози со легенда xxxxxxxxxxx

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

* Заверена копија од: општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

* По потреба и заверена копија од други услови;

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ


изготвил: Панда Ризоска
Раководител на Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

контролирал: Марика Јовческа

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА
Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина
Васе Никоска

М.П.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



КОНТАКТ ГРАНИЦА со
Плански опфат за изработка на ДУП за блок 6.2

ОЗНАКА	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ 65471.17м2		ха	%
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		6.547ха	100%
РЛ	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА			
ДГП	ЛИНИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА			
ГЛ	ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА			
ПГЛ	ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА			
ИЛ	ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА			
ГП. 1	НУМЕРАЦИЈА НА ГР.ПАРЦЕЛА			
	СООБРАЌАЈНИЦА			
	ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА			
21/01; 8/01	БРОЈ НА УРБАН БЛОК			
Г.П.1;Г.П.2..	БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА			
П; П+1	КАТНОСТ			
Н=15.00м; Н=9.00м; Н=4.50м	ВИСИНА			
E	ИНФРАСТРУКТУРА		2.914ха	44.4%
E2	КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	.....2.9044ха 44.26%		
E2	КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ТРАФОСТАНИЦИ . .....3 x10/4 кВ	. . . . .0.0096ха 0.14%		
Б1	МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ ВО СЛУЖБА НА Е2			
E	ИНФРАСТРУКТУРА		3.511ха	53.8%
E1	КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА сообраќајна инфраструктура улична мрежа тротоари	.....2.220ха 34.06%		
E1	КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА железничка пруга	.....1.292ха 19.74%		
Д2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	.....0.122ха 1.80%	0.122ха	1.80%
	ОБЈЕКТИ ВО ПОСТОЈНА СОСТОЈБА			
E2	ТРАФОСТАНИЦА			
	НИСКОНАПОНСКА НАДЗЕМНА МРЕЖА			
	10 kV И 35 kV КАБЛИ			
	ТЕЛЕФОНСКИ КОРИСНИЦИ -ПЛАН			
	ПОДЗЕМЕН ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ			
	ВОДОВОДНА ЛИНИЈА			
	ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА			
	АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА			

***НАПОМЕНА:**

- **ИНСТАЛАЦИЈАТА СЕ ИЗВЕДУВА ВО РОВОВИ УКОПАНИ НА МИНИМАЛНА ДЛАБОЧИНА ОД:**
- **100см ИСПОД КОТАТА НА СМРЗНУВАЊЕ ЗА ВОД. ИНСТАЛАЦИЈА,**
- **ЗА КАНАЛИЗАЦИЈА И АТМОСФЕРСКА ОДВОДНА МРЕЖА ИСПОД КОТА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА**
- **МИНИМАЛЕН ПАД ЗА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА СЕ ЗЕМА 0.5% А ЗА СТРМНИТЕ ТЕРЕНИ КАСКАДНО**

1. ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

ПРОФИЛИ	РАБОТНИ ОЗНАКИ НА УЛИЦИТЕ:
МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-2 1----------1 E1	МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-2
МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-5 2----------2 E1	МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-5
МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-5 3----------3 E1	СОБИРНА УЛИЦА СООБРАЌАЈНИЦА С4
СОБИРНА УЛИЦА 4----------4	СОБИРНА УЛИЦА **Булевар Мрашал Тито**
СЕРВИСНА УЛИЦА 5----------5	СЕРВИСНА УЛИЦА **улица Мрашал Тито 1**
СТАНБЕНА УЛИЦА 6----------6	СЕРВИСНА УЛИЦА **НОВОПРОЕКТИРАНА 1**
ПРИСТАПНА УЛИЦА 7----------7	ПРИСТАПНА УЛИЦА **Булевар Мрашал Тито**





соседен ДУП на плански опфат за изработка на ДУП за блок 6.2

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

Предмет на договорот е изработка на **Детален урбанистички план за УАЕ 21, дел од УБ 21.01 и УАЕ 8, дел од УБ 8.01, КО Прилеп, општина Прилеп,** согласно важечкиот ДУП за УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп и Генералниот Урбанистички план на град Прилеп 2011-2021 година. Планот е изработен врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија број 78/06).

2.Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат

Предметниот плански опфат се наоѓа во западниот дел на општина Прилеп. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон но се наоѓа надвор од централното градско подрајче на градот.
Опфат за кој се изработува **Детален урбанистички план за УАЕ 21, дел од УБ 21.01 и УАЕ 8, дел од УБ 8.01, КО Прилеп, општина Прилеп, 2011-2016**, е со основна намена Е2- комунална супратрсуктура со придружна намена на главната Б1- мали комерцијални и деловни намени, согласно важечкиот ДУП за УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп и Генералниот Урбанистички план на град Прилеп 2011-2021 година.

Границата на планскиот опфат е прикажана во графичките прилози и е дефинирана на следниот начин:
- На север оди по осовината на бул. Маршал Тито
- На исток оди по осовината на постојната ул.Ленин(или во овој план по осовината на ул. Новопланирана 1 и продолжува по граница на наменска зона)
- На југ дел оди по осовината на ул. Ленин, на југозапад за сечи КП 23940 и оди по осовината на железничката пруга, врти према север, ја сечи КП 24061, оди по границата на КП 23942, ја сечи КП 23940 и затвара вопочетната точка на бул. Маршал Тито.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **6.547 ха.**

Локалитетот лежи во плански опфат кој ги има следните координати:

р.б.	X	Y
1	545426.5176	578050.9363
2	545404.5261	578052.3198
3	545390.6846	578053.0570
4	545347.0560	578056.7008

5	545338.5367 578057.8723
6	545569.0218 579390.8498
7	545322.0902 578060.8208
8	545317.2206 578062.0821
9	545306.7346 578064.9301
10	545271.1604 578076.6783
11	545234.3326 578089.0636
12	545181.6524 578107.1151
13	545181.6981 578097.5878
14	545178.9079 578069.8309
15	545176.0825 578069.9522
16	545168.3859 578070.2845
17	545162.7209 578070.7130
18	545152.2121 578072.3581
19	545147.8320 578044.7581
20	545145.8776 578042.2562
21	545129.1104 578015.6268
22	545170.1850 578006.8453
23	545394.6344 577959.5364
24	545390.7606 577942.8021
25	545385.9626 577920.3081
26	545665.6227 577860.6277
27	545677.6509 577858.0601
28	545686.5688 577896.0269
29	545725.0184 577889.4980

X=545181.6524 578107.1151 НАЈСЕВЕРНА
X=545724.9729 577889.2299 НАЈИСТОЧНА
X=545677.6509 577858.0601 НАЈЈУЖНА
X=545129.1104 578015.6268 НАЈЗАПАДНА

3. Планска програма

На изготвувањето на **Детален урбанистички план за УАЕ 21, дел од УБ 21.01 и УАЕ 8, дел од УБ 8.01, КО Прилеп, општина Прилеп, 2011-2016** претходеше изготвување на планска програма.
Реализацијата на предметниот ДУП треба да предвиди парцелација согласно имотно-правните односи.
Задача е изработка на **Детален урбанистички план за УАЕ 21, дел од УБ 21.01 и УАЕ 8, дел од УБ 8.01, КО Прилеп, општина Прилеп, 2011-2016.**
Содржината на овој план треба да биде во гогласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за стандард ии нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10. 64/11, 98/11 и 169/11) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка

на урбанистички планови (Сл. весник на РМ б. 78/06), а при изработката на овој план да се почитуваат поставките на важечкиот ДУП за УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп и Генералниот Урбанистички план на град Прилеп 2011-2021 година.
Планскиот опфат содржи еден блок. Во рамките на опфатит означени се одделни градежни парцели, односно површини за градба. Обележувањето на градежните парцели е со нумерација.
Според ова нумерација се обележани парцелите и површините за градба во графичките прилози и се ирзаботени параметрите за спроведување на планот.

4. Опис и образложение на планскиот концепт

Со **Деталениот урбанистички план на предметниот локалитет во целост е испочитувана намената напросторот во согласност со** Генералниот Урбанистички план на град Прилеп 2011-2021 година и важечкиот ДУП за УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп, и планерските концепти засновани на постојаната законска регулатива.

Усогласувањето на сообраќајното решение со Важечкио ГУП на град Прилеп 2011-2021 го диктира концептот на решението на сообраќајот во планскиот опфат. Сообраќајното решение е исто така во согласност со претходниот ДУП УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп.

Групите на класи на намени во планскиот опфат се исто кава во согласност со Генералниот Урбанистички план на град Прилеп 2011-2021 година и важечкиот ДУП за УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп.

Групи на класи на намени во планскиот опфат се:

Е-ИНФРАСТРУКТУРА

Е2- комунална супраструктура

Е1- комунална инфраструктура

Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1- мали комерцијални и деловни намени со компатибилни намени: А1, А3 и Б4 до 20%

Д -ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2- заштитно зеленило

Како основна класа на намена во опфатот се јавува Е2- комунална супраструктура, согласно ГУП на град Прилеп, а комерцијални и деловни намени се јавува како придружна намена во некои и од градежните парцелите Согласно важечкиот ДУП за УАЕ 21 УБ 21/2 УМ1, општина Прилеп.
Класите на намени се дадени со кратенки впишани во самите градежни парцели во графичките прилози и во табелите со урбанистички показатели за секоја парцела поединечно.

Заради флексибилност на планот, во урбанистичките планови при одредување на намената на земјиштето како алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво.

Компатибилните класи на намени таксативно се наведуваат за секоја градежна парцела и се усогласени со Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите.

Во табелата се дадени бројот на градежната парцелата, класата на намената, површината на градежната парцелата, површината на просторот планиран за градба, габаритот на објектот односно површината на просторот за градба, вкупно можната површина за градба во бруто вредности, максимална висина до кота на венец, процент на изграденост и коефициентот на искористеност.

Вредностите на урбанистичките показатели се во рамките на законските нормативи.

Висина на градба се дефинира со максимална висина до горен венец на планираните површини за градба и тоа:

Максимална височина на градбите во планскиот опфат е **15.00м(П+2); 9.00м(П+1), 7.20м(П+1) и 4,50м(П)**

Површина на плански опфат **65471.17м2**

- Вкупна површина на градежната парцела во рамки на планскиот опфат **29140.21м2**
- Максимална површина за градба (под објекти) во рамките на планскиот опфат **11414.23м2**
- Максимална бруто развиена површина во рамките на планскиот опфат **26232.19м2**
- Коефициент на искористеност **0.9**
- Процент на изграденост **39%**

Во случаи кога во една градежна парцела се утврдува простор ограничен со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на архитектонско-урбанистички проект.

Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за урбанистичките парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места во сопствената парцела како основен услов за изградба како и јавен паркинг, согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Голем дел од површината во планскиот опфат зафаќаат сообраќајните содржини, кои овозможуваат сообраќајно поврзување и колски пристап до секоја парцела во согласност со Правилникот.

6. Инфраструктура

5.1 Сообраќај

Во опфатот кој ни е предмет на работа се опфатени следните сообраќајници: магистрална градска сообраќајница М2-бул. Маршал Тито, магистрална градска сообраќајница М5- ул. Леце Котески, магистрална градска сообраќајница С4 -ул. Трајко Николоски и кракови на бул. Маршал Тито.

Профилити на примарната сообраќајна мрежа се планирани и дадени во ГУП на град Прилеп, а профилите од секундарната сообраќајна мрежа се дефинирани со важечкиот ДУП.

Магистралната градска сообраќајница М2 - бул. Маршал Тито има вкупен профил од 25м, кој е обележан во сообраќајниот графички прилог како профил 1-1(2х2.0м тротоари, 2х2,0м велосипедска патека, 1х3,0м зеленило и 2х7,0м коловоз).

Магистрална градска сообраќајница М5 ул. Леце Котески е со вкупен профил 21м(2х2.0м тротоари, 2х1,5м велосипедска патека и 1х14м коловоз), магистрална градска сообраќајница С4- ул. Трајко Николоски е со вкупен профил 22м(2х2.0м тротоари, 1х4,0м велосипедска патека и 2х7,0м коловоз). Освен магистралните сообраќајници кои веќе се наведени во опфатот влегуваат и кракови на бул. Маршал Тито со различна категоризација и тоа: Собирна улица Маршал Тито со вкупен профил 18,5м(2х2.5м тротоари, 2х1,5м велосипедска патека и 1х10,5м коловоз), сервисна улица Мрашал Тито со вкупен профил 9м (1х5,5м коловоз и 2х1,5м тротоар), сервисна улица Новопланирана 1 со вкупен профил 10,0м(2х1,5м тротоар и 1х7,0м коловоз) и пристапна улица Маршал Тито со профил од 5,5м.

Внатрешниот сообраќај во рамки на градежната парцели ГП1, ќе се дефинира со архитектонско урбанистички проект, согласно димензиите според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник" на Р.М. бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Стационарниот сообраќај се решава во склоп на парцелата согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11)







Максималниот потребен број на паркинг места ќе биде предмет на разработка во наредна фаза со изработката на архитектонско-урбанистичкиот проект.

Комплетна сообраќајна сигнализација на улична мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиуси и кривини на улична мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ

1. ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

ПРОФИЛИ	РАБОТНИ ОЗНАКИ НА УЛИЦИТЕ:	ПРЕСЕК НА СООБРАЌАЈНИЦА	ДОЛЖИНА
МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-2 1----------1	МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-2		3168.63м
МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-5 2----------2	МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-5		324.85м
МАГИСТРАЛНА ГРАДСКА СООБРАЌАЈНИЦА М-5 3----------3	СОБИРНА УЛИЦА СООБРАЌАЈНИЦА С4		158.63м
СОБИРНА УЛИЦА 4----------4	СОБИРНА УЛИЦА Булевар Мршал Тито		58.94м
СЕРВИСНА УЛИЦА 5----------5	СЕРВИСНА УЛИЦА улица Мршал Тито 1		394.4м
СТАНБЕНА УЛИЦА 6----------6	СЕРВИСНА УЛИЦА НОВОПРОЕКТИРАНА 1		67.64м
ПРИСТАПНА УЛИЦА 7----------7	ПРИСТАПНА УЛИЦА Булевар Мршал Тито		39.92м

ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

Во рамките на опфатот влегува и дел од земјиштето на Македонски Железници.

Согласно дописот од Македонски Железници бр. 110/1 од 23.01.2012година, од технички аспект, предложеното урбанистичко решение е во согласност со одредбитеод Законот за железнички систем(Сл. весник на РМ бр.48/2010) и Законот за сигурност на железничкиот систем (Сл. весник на РМ бр.48/2010).

Предвидениот терминал за тешки возила на влез во станица Прилеп од страна на станичната зграда во поголем дел е проектиран на земјиште во сопственост на ЈП МЖ-Инфраструктура. Истото важии и за паркингот за тешки и лесни возила проектиран од десната страна на пругата спроти зградата на железничката станица.Овој паркинг е во целост лоциран на железничко земјиште.

Во согласност со одредбите од горе цитираните закони при реализација на овој урбанистички план ќе мора да биде побарана согласност и технижки услови од ЈП МЖ-Инфраструктура.

ПАРКИРАЊЕ

Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места,како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба .

Потребниот точен број на паркинг места ќе биде дефиниран со проектна документација на градежната парцела, согласно од член 57 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Нивелациско решение

Со изработка на ДУП, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Се задржува постојната улична мрежа при што подолжните падови се движат во границите на дозволените.

5.2 Основно решение на комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засниваат на постојната и планирана состојба. Истите ќе се изработат во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа) и усогласени со главните проекти за истата.

Обврзувачки е реализацијата на овој ДУП да се решава преку Основни проекти за чија реализација ќе бидат дадени основни податоци од Ј.П. - Водовод и Канализација.

5.3 Електро-енергетика и ПТТ инсталации

Инсталираната и едновремената електрична моќност како и потрошувачката на електрична енергија за корисниците од предметниот простор ќе се изврши по се според добиената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија. Барањето треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се : напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, начин на затоплување , начин на ладење и слични податоци кои во оваа фаза на изработка на планот не се дефинирани.

Овие податоци ќе можат да бидат дефинирани со изработувањето на архитектонско-урбанистичкиот проект и идејниот проект за градежната парцела посебно.

Начинот на приклучување на технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на АД ЕСМ-ЕВН Македонија.

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

1. Комунална супраструктура изнесува

Pedl = 0.05KW/m2 x 1664m = 83.2KW2

fn' - коефициент на едновременост за "н" nl = 0.07KW/m2

fn' - коефициент на едновременост за улично осветлување "н" n2 = 1
Едновремена снага за улично осветлување:
Ped2 = 11x0.125+4x0.5+7x0.25KW = 5.125KW
Вкупна едновремена снага за разгекдуваниот простор е:
Ped = Ped1+Ped2 = 88.325KW
Од дадените пресметки, произлегува потребата од доста голема снага за трафостаницаТС 10(20)/0.4 КВ, која зафаќа простор во предвидената површина за градба. Пристапот до истата ќе биде разработен со архитектонско урбанистички проект.
Целокупната нисконапоснка мрежа е реконструирана и е изведена подземно.
За останатите предвидени функции едновремената снага се определува према нивната нето површина и следните критериуми:

- за деловно-административни функции 0.08 кЊ/м^2

На предметниот локалите има две постојни трафостаници 10/04кВ и две во непосредна близина на опфатот, од другата страна(северно) на Булевар Маршал Тито. Со важечкиод ДУП предвидена е уште една трафостаница која се задржува и во овој ДУП за да ги задоволи потребите на објектите.
Во градежна парцела 1 во склоп на градежната парцела се предвидува уште една трафостаница која ќе ги задоволува потребите на објектите во самата парцела.

Улично осветлување

Со оглед на трендот за штедење на електричната енергија се предвидуваат натриумови светилки кои даваат добар светлосен флукс, трошат малку електрична енергија и имаат долг век на траење.
ќе се изврши поставување на уличното светло за осветлување на партерното уредување со поставувавње на нови светилки тип натриумови со снага од 250W, и тоа заради подобра лиминисценција се поставуваат на секој столб на растојание од 25-30м.
Целокупното ниско напонска мрежа се предвидува да се изведе подземно со соодветен кабел тип ППОО, кој ќе обезбедува електрична сигурност на сите објекти.
Сообраќајници во планскиот опфат по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- КЛАСА ,,Е2,, - главни градски сообраќајници
- КЛАСА (С) - споредни, локални сообраќајници
- КЛАСА ,,Д,, - паркинг простори.

Со следните светлотехнички параметри:

,,Е2,, (В-1)

- сјајност на коловозот ..... Lm = 2–3 cd/m^2
- просечна рамномерност ..... J Lm = 40 %
- висина на монтажа на светилките ..... H = 10-12 m.
- светлосен извор NaVT250 (VTFE-400)
- начин на поставување ..... двореден.

(С)

- сјајност на коловозот ..... Lm = 1–1,5 cd/m^2
- средна погонска осветленост ..... Esr = 15-25 Lx
- просечна рамномерност ..... jr = 40 %
- висина на монтажа на светилките ..... H = 8 (10) м.

- светлосен извор ..... VTFE= 250 W
- начин на поставување ..... едноредeн.

„Д„ - паркинг простори

- средна погонска осветленост ..... Esr = 10-20 Lx
- просечна рамномерност ..... jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките ..... H = 8 (10) м.
- светлосен извор ..... VTFE= 250 W
- начин на поставување ..... двореден.

Податоци потребни за дефинирање на телефонска мрежа

Комплексот е поврзан со телефонски приклучок, кој поминува од северната страна на локацијата. Разводната телефонска мрежа е подземна со воздушни изводи до приклучувањето. За планскиот опфат потребно е да се обезбедат околу 125 телефонски корисници.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот, затоа при димензионирањето на телефонската мрежа се поаѓа од принципот на секоја деловна единица и припаѓа најмалку по еден телефонски приклучок.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши во согласност со АД Македонски телекомуникации.

За овој плански опфат изведена е комплетна телефонска мрежа која ги задоволува потребите за подолг временски рок. Телефонската инфраструктура е пприкажана во Инфраструктурниот прилог од планската документација согласно добиените податоци од Македонски Телеком Ад-Скопје со бр. 310-364731/2 од 14.11.2011 год.

Предметниот простор , како и овиј регион целосно се покриени со сигнал на трите мобилни оператори: Т-Мобиле, Космофон и ВИП.

5.4 Хидротехничка инфраструктура

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со **Детален урбанистички план за УАЕ 21, дел од УБ 21/02 и УАЕ 8, дел од УБ 8/01, КО Прилеп, општина Прилеп, 2011-2016,** треба да се предвидуваат нови површини за градба.

Водовод

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет има можност да се водоснабдува од градски водоснабдителен систем.

За решавање на проблемот со обезбедување на вода за санитарни потреби и води за противпожарна заштита, потребно е да се изгради водоводна мрежа со профил на цевките кои одговарат на противпожарните стандарди како и во согласност со нормативите пропишани со ГУП на град Прилеп.

Водоснабдувањето на планскиот опфат ќе биде од новопроектираната водоводна мрежа по градската магистрална сообраќајница со профил од ф 300 (предиден по ГУП).

Вкупната количина на вода за овој плански опфат е:

N = 1000 гости и вработени

q норма = 250l/ден/жител за Прилеп

Nl = 142 средно
Q1 ср/ден=142 x 50 l/ден=7500 l/ден
a1=1.3 коефициент да дневна нерамномерност
Q ср/ден =N x q= норма = 1000 x 250=250000 l/ден
Q вкупно=63350 l/ден
Q ср/час=250000/86400=2.89 l/ден
a2 = 1.56 коефициент начасовна нерамномерност
Qmax/час=2.89 x 1.556 =4.50 l/сек
Постојната водоводна линија се планира да се димензионира со поголем профил Ф250мм.
За заштита од пожар, полевање и перење на плато и полигон треба да се проектираат внатрешни пожарни хидранти и надворешни надземни, распоредени на секој кат на места со поголема комуникација - скалишни простори и ходници. При разработка на архитектонско урбанистичкиот проект ќе бидат дефинирани потребните хидраулички параметри.

Техничка вода

Просечна норма за наводнување на зеленилото изнесува 2,5-4,0 л/ден/м^2, за миење на улици 1,5-2,0 л/сек/м^2. Усвоена е просечна норма од 3,0 л/ден/м^2 (30 м^3/ден/ха).

Потребите од вода за одржување на комуналната хигиена и поливање на парковското и зеленилото во заштитниот појас ќе изнесуваат:

Вкупна површина под сообраќајници и зеленило изнесува
2.202+0.118 = 2.320ха.
Q= F x Q_0 = 2.320 ха x 30 м^3/ден/ха = 69.6 м^3/ден

Фекална канализација

Вкупната количина на фекална отпадна вода која треба да биде прифатена од објектот, ќе биде приклучена на новопроектираната фекална канализација, предидена според ГУП. Целокупната канализациона мрежа да биде од пластични цевки со соодветен профил према условите на самата локација.
Предвидената мрежа е со ф200-400
D min = 200mm
Проектиран подолжен пад на нивелетата Jmin0.5%
Да бидат задоволениосновните хидраулички параметри за дозвоелна минимална брзина на движење на водата во цевките према техничките прописи.
Геодетските снимени попречни профиле ќе ја диктираат нивелетата на канализационата мреча. при изработка на архитектонско урбанистичкиот план ќе бидат дефинирани сите потребни показатели.

Атмосферска канализација

Во планскиот опфат постои атмосферска канализација и истата се задржува. Атмосферската вода се влива во новопроектираната атмосферска канализација ф400мм предвидена со ГУП.

Атмосферската вода од кровните површини да биде прифатенаво вертикални олуци со големина од ф100-150мм. Прифаќањето на површинската вода од внтарешните улици и паркинзи да графитираат кон зеленилото со спуштен рабник заради значајната површина под зеленило и за да се оптовари атмосферската канализација со поголема површина на вода.

q =116л/сек/ха - спец. доток за дожд што се јавува секоја втора година и трае 15 мин за град Прилеп.
м=0.45 коефициент на отекување за град Прилеп
Q = 0.4325 x 116 x 0.45л/сек
додека за вкупно = 0.84ха..... = 43.85л/сек
Q = 20 l/сек
Атмосферската канализација да биде проектирана од пластични канализациони цевки со профил е од ф200-300мм.
Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2%-6%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти.
Димензиите на хидрауличка пресметка со точно познати количини на отпадни води ќе се дадат во наредните идејни и главни проекти.

6. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

Обемот, динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија на дел од локалитетот кој е предмет на изработка на ДУП ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградба на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секако определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени "економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Основните проекти, а се изложени и од чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостаток на егзактни елементи за докажување на одредени предпоставки и слично.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на објектот на теренот, планските одредби од ГУП изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план.

Планот предвидува оформување на градежна парцела, зголемување на изградена површина за градба во рамките на парцелата согласно постојната законска регулатива. Со тоа се зголемува искористеноста на просторот, се добива поискористена нето густина по жител, повеќе комуналии за општината, а инфраструктурниот систем е со незначително зголемување во однос на предходната планска документација.

7. Културно наследство

Согласно ГУП на град Прилеп и податоците од Управат за заштита на културно наследство во рамките на опфатот не постојат целини и објекти кои се третираат со посебен режим на заштита и за кои се изготвени заштитно конзерваторски основи за културно наследство.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на Р. Македонија бр. 20/04, бр. 115/07, бр.18/11)

8. Мерки за заштита

8.1 Мерки за заштита на животната средина

Согласно дописот од Министерство за Животна средина и просторно планирање со бр. 11-9878/3 од 17.11. 2011год,на просторот предвиден за изработка на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УАЕ 21, дел од У.Б.21/02, КО Прилеп, општина Прилеп, 2011-2016, нема евидентирано или регистрирано природно наследство кое од аспект на надлежностите на управата за Животна средина подлежи на посебен режим на заштита.

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 6.547 ха, и е предвиден со Е2-комунална супраструктура.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со оглед дека сите објекти се приклучени на канализационен систем загадувањето на почвата е во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со цел да се сочува фондот на извориштата на вода, сите отпадни води треба до потребен степен да се прочистат.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода.
Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

Во близина на локалитетот постојат повеќе објекти кои можат да бидат потенцијални извори на бука. При планирањето на објектите е потребно да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените параметри(Сл.в.на РМ бр.79/07 и 124/10).

8.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 05/03 и 58/06), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Дописот на Дирекција за заштита и спасување бр.10-393/2 од 11.11.2011год. дава позитивно мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување при изработка на планската документација.
Мерките за заштита и спасување се однесуваат во случај на пожар, во случај на воени разурнувања и во случај на природна катастрофа. Објектите лоцирани врз основа на класите на наменска употреба на земјиштето не индицираат.

8.3 Мерки за заштита од пожар

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример посетители, гледачи, купувачи и други.
Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 8,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.
Сообраќајниот систем во локалитетот се состои улици кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите.
При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.
Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.
Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.
За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф110мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 110 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 110 мм.
Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м.
Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.
На блиско растојание постои ПП дом.

8.4 Мерки за заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од **IX** степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

8.5 Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

8.6 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.При проектирањето се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

8.7 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, можно е настанување на свлекување на земјиштето, поради што потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

8.8 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

e-mail: geniko@geniko.com

во рамки на планскиот опфат.
- Предвидена површина за градење 1000,15м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 2000,3м^2.
- Максимална висина на објектите до кота на венец е 12,0 м.
- Максимална катност до П+1.

- Во ГП бр.6.2.9, се планира еден објект.

3.1.5.2.8. Класа на намена Д2

Во оваа класа на намена Д2 – Заштитно зеленило.
- Во рамки на опфатот има површина под заштитно зеленило на железничка пруга Прилеп-Битола, коритото на река Ореовечка и заштитен појас меѓу наменските зони А и Г согласно ГУП, со вкупна содржина од 13714м^2.

3.1.5.2.9. Класа на намена Е2

Во оваа класа на намена Е2 - Комунална супраструктура - трафостаници до 20Кв.
- Бројот на градежните парцели наменети за комунална супраструктура е 7.
- Вкупната површина на градежната парцела е 261,8м^2 или 0,027ха (0,26% од вкупната површина со градежни парцели во планскиот опфат).
- Површина за градба има 117,6м^2.
- Бруто развиена површина изнесува 117,6м^2.
- Максимална висина до кота на венец од 3,0 метри и катност П.
- Не се предвидени компатибилни намени

3.1.5.3. Густина на населеност

- Број на станови: 2 станбени куќи х 1 домаќинство, 50 станбени куќи х 3 домаќинства, 111 станбени куќи х 4 домаќинства и 2 станбени куќи х 2 домаќинства во објект = 600 домаќинства во основната класа на намена А1.
- Бројот на жители = бр. на дом. х 3,4 жители/стан = 600х3,4 = 2040 жители.

Бруто густина за класа на намена А1 = 2040/16,18 = 126,08 = **126 жит/ха.**
Класа на намена А2 - број на станови (домаќинства): Р.Б.П = 9001/80 = 112,51 станови.
- Бројот на жители = бр. на станови х 3,4 жители/стан = 112,51х 3,4 = 382,54 жители.

Бруто густина за класа на намена А2 = 383/16,18 = 23,64 = **24 жит/ха**.
Вкупно: 2434,16 жители - збирна вредност од А1 и А2.
Бруто густина
Г бр =2422,54жит./16,18 ха = 149,72 = **150 жит/ха.**

3.1.5.4. Парцелација и регулација

На планираните површини за градба ќе можат да се изградат, доградат или надградат нови објекти согласно законската регулатива.
Во границите на катастарските парцели се формираат една или повеќе градежни парцели, или пак од повеќе катастарски парцели се формира една ГП, а сето тоа во согласност со дадените законски норми и потребите на сопствениците.
Површината на планираните градежни парцели е променлива, што е во зависност од намената на земјиштето и градбите, границата на катастарската парцела т.е. сопственоста и конфигурацијата на теренот.
Во сите градежни парцели се предвидува само една површина за градба во која ќе може да се гради само еден објект, со исклучок на ГП бр.6.2.10 и 6.2.15, каде е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Разработка на овие парцели е предвидена со изработка на Архитектонско-урбанистички проект..
Изградбата на објектите ќе биде во границите на одредените површини за градба (утврдениот простор ограничен со градежни линии) кои се регулирани со градежни линии - главни, помошни и подземни.
Големината на објектот зависи од следните фактори:
- Процент на изграденост на парцелата;
- Коефициент на искористеност во рамки на парцелата;

"ГЕНИКО" ДОО - Прилеп
ул."Андон Слабејко" бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

- Максималната височина на градбата до кота на венец;
- Потребен број на паркинг места.

Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност се различни и се определени табеларно за секоја градежна парцела пооделно.
Висината на објектот е дефинирана со максималната кота на венец и истата е дефинирана за секоја градежна парцела пооделно, со исклучок на ГП бр. 6.2.10 и 6.2.15, каде висината ќе биде утврдена при нивна разработка со АУП.

Максималната височина на градбата се определува согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), член 44, ставови 1 - 5.
Максималната височина на градбата се дополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради до одредената височина. Најмалата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча до плоча, за домување е 2,90 метри, за деловна дејност 3,40 метри, додека за производство, дистрибуција и сервиси, истата се определува во зависност од потребите на технолошкиот процес, при тоа водејќи сметка за растојанијата до соседните парцели (објекти) согласно важечките законски и подзаконски нормативи.

3.1.5.5. Урбано зеленило и озеленетост

Согласно ГУП, процентот на озеленетост во блок 6.2, треба да изнесува најмалку 10% од нејзината вкупна површина. Овој процент е применлив на поголемо урбано подрачје во кое ќе бидат планирани засебни озеленети површини.
Планскиот опфат на овој ДУП има утврдени поврдени површини со основна класа на намена Д2 – заштитно зеленило, како што е заштитен појас на железничка пруга Прилеп - Битола, корито на река Ореовечка и заштитен појас меѓу наменските зони Г (производство дистрибуција и сервиси) и А (домување). На места планирани се јавни површини со класа на намена Д1 – парковско зеленило, така што потребното ниво на озеленетост ќе се обезбеди озеленетоста само од тие намени која во случајов е одредена со ГУП.
Вкупна квадратура на површина со намена Д2 - заштитно зеленило = 13714м^2.
Вкупна квадратура на јавна површина со намена Д1 - парковско зеленило = 694м^2.
Вкупна површина на ГП во планскиот опфат = 101820 м^2 односно 20% = 20364м^2.
Од анализата следи дека:
Површина (озеленетост) = 13714 + 694 + 20364 = **34772м^2**.
Озеленетост на ниво на плански опфат =34772 / 161831 x 100 = **21,49%**
Според погоре изведените математички пресметки, задоволен е минималниот процент на озеленетост од 10% на ниво на плански опфат (предвиден со ГУП). Со заштитното зеленило согласно извод од ГУП, предвидените јавни површини со парковско зеленило и предвидените 20% зеленило на секоја градежна парцела согласно член 20 став 1 од Закон за урбано зеленило (Сл.В на РМ бр.11/18), постигант е процент на озеленетост од 21,49%.

3.1.6. Планско решение на комунална инфраструктура

3.1.6.1. Планско решение на сообраќајна инфраструктура

Како основа на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа. Уличната мрежа за да обезбеди безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајните токови како и рамноправен третман на сите учесници во сообраќајот, треба да биде прегледна и јасна. Хиерархискиот систем на поставеност на уличната мрежа е еден од предусловите за исполнување на гореспоменатите услови.
Како основа за проектирање на сообраќајното решение послужи анализата на документационата основа и податоците од Генералниот урбанистички план на град Прилеп.
При проектирањето на патната мрежа во населбата, после увидот и прибирањето на податоци од теренот, максимално е водено сметка, секаде каде е тоа можно, да се следат трасите на постојните улици и патеки.
Од важечкиот ГУП преземени се улиците од примарната улична мрежа и дел од секундарната улична мрежа кои се и главни артерии преку кои ќе се опслужува планскиот опфат.

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

Од ГУП преземена е **Собирна улици** со вкупна должина л=648,32м'. Тука спаѓаат следните собирни улици:
- Собирна улица С6 ул.„Трајко Николоски", која согласно ГУП за град Прилеп е дадена со профил 2,5м+1,5м+7,0м+7,0м+1,5м+2,5м - вкупно 22,0 метри со должина од л=648,32м'.

Во планскиот опфат се планираат следните улици од секундарната улична мрежа:
***Сервисни улици** со вкупна должина л=1600,21м'. Тука спаѓаат следните сервисни улици:
- **Сервисна улица Ср10**, која согласно ГУП за град Прилеп е дадена со профил 1,5м+3,0м+3,0м+1,5м – вкупно 9,0м' со Л=364,61м';
- **Сервисна улица Ср1 и Ср4** со профил 1,5+3,0+3,0м+1,5м - вкупно 9,0 метри со должина од л=845,59м'+139,4м'=984,99м', со исклучок на крак со должина од 60м' кој се приклучува на собрна улица "Трајко Николоски" кој е планиран со профил 3.0+3,0+3,0+3,0 – вкупно 12,0 метри каде на тротоарите се планирани дрвореди во функција на заштитно зеленило;
- **Сервисна улица Ср2,** со профил 1,5+3,5+3,5м+1,5м - вкупно 10,0 метри со должина од л=88,36м' – крак кој се приклучува на собрна улица "Трајко Николоски". Во делот од трасата меѓу наменските зони "А" и "Г", истата се води со профил 3,0+3,5+3,5м+3,0м - вкупно 13,0 метри со должина од л=254,76м'. На тротоарите се планирани дрвореди во функција на заштитно зеленило;
- **Сервисна улица Ср3,** со профил 3,0+3,5+3,5м+3,0м - вкупно 13,0 метри со должина од л=272,1м'. На тротоарите се планирани дрвореди во функција на заштитно зеленило меѓу наменските зони "А" и "Г".
- Со планското решение во овој план превземен е предвидениот профил на сообраќајниците согласно ГУП за град Прилеп донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год.

***Станбени улици** со вкупна должина л=1210,56м'. Тука спаѓаат следните станбени улици:
Ст1, со профил 1,5м+5,5м+1,5м – вкупно 8,5м' со Л=117,44м';
Ст2, со профил 1,5м+5,5м+1,5м – вкупно 8,5м' со Л=116,57м';
Ст3, со профил 1,5м+5,5м+1,5м – вкупно 8,5м' со Л=166,42м';
Ст4, со профил 1,5м+5,5м+1,5м – вкупно 8,5м' со Л=319,78м';
Ст5, со профил 1,5м+5,5м+1,5м – вкупно 8,5м' со Л=490,35м'. Во делот од трасата меѓу наменските зони "А" и "Г", на тротоарите се планирани дрвореди во функција на заштитно зеленило.

***Пристапни улици** со вкупна должина л=382,23м'. Тука спаѓаат следните пристапни улици:
Пр1 со профил 5,5м и должина од 23,56м';
Пр2 со профил 5,5м и должина од 32м;
Пр3 со профил 5,5м и должина 182,34м;
Пр4 со профил 5,5м и должина 144,33м.

***Интегрирани сообраќајни површини** со вкупна должина л=119,8м'. Тука спаѓаат следните пристапни улици:
Пр5 со профил од 7,1 - 8,7м и должина од 50,4м';
Пр6 со профил 3,5м и должина од 69,4м;

***Пешачки патеки** со вкупна должина л=54,0м - површини за движење на пешаците, односно Пп со профил 3,3-3,7м и должина 38,4м и Пп со профил од 3,0м и должина од 15,6м, како и јавна паркинг површина со капацитет за 22 лесни моторни возила.
Од досега кажаното произлегува дека во планскиот опфат се јавуваат следните површини на улична мрежа:

тип на површина	површина ($м^2$)
коловоз-асфалт	21085,0
тротоар, пристапни улици	21767,0
пешачки патеки	290,0
велосипедска патека	960,0
Вкупно	44102,0

"ГЕНИКО" ДОО - Прилеп
ул."Андон Слабејко" бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

Површината на сообраќајните коридори (уличната мрежа) во однос на опфатот е застапена со 34,83%. Доминантниот пад на теренот во рамките на планскиот опфат изнесува околу 0,1% во правец север-југ.

3.1.6.1.1. Стационарен сообраќај – паркирање
Паркирањето се предвидува во границите на градежните парцели согласно член 56 и 59 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребниот број паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената површина и висина за градба.
Во рамки на опфатот е предвиден јавен паркинг простор за 22 лесни моторни возила.

3.1.6.1.2. Нивелмански план
Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 642,21 до 645,28м.
Теренот е рамен со пад во правец од север кон југ.
Нивелманското решение е изработено врз база на геодетски снимените коти на терен и важечките стандарди и прописи, а со прикажани апсолутни висински коти на вкрсни осовински точки, растојанијата и подолжните наклони меѓу нив, при што е водено сметка максимално да се следи постојниот терен. Во опфатот постојат висински разлики, но и покрај тоа новопланираните улици се предвидени согласно законската регулатива и нивните падови не ги надминуваат законските ограничувања, согласно категоризацијата на сообраќајниците. Подолжните наклони се движат во рамките од 0,12% до 1,69% во правец од исток исток кон запад и од 0,03% до 3,1% во правец од север кон југ.

3.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура

Општи податоци
Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 642,21 до 645,28м. Според состојбата на терен локацијата која е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 6, блок 6.2, се наоѓа во западниот дел од градското подрачје на град Прилеп.
Во опфатот е планирано да живееат 2434 жители.

Во дел од опфатот има водоснабдителна мрежа, но истата треба да се дополни за работа на хидрантите и за снабдување на целиот опфат. За таа цел во дел од планскиот опфат се проектира нова водоводна мржа која ќе овозможи нормално водоснабдување на станбените и деловните објекти, а истовремено ќе овозможи работа на хидрантите за време на пожар. Постојната водоснабдителна мрежа се задржува и делумно каде што е возможно се користи.

За таа цел во дел од планскиот опфат кој не е покриен со водоводна мрежа или ако постојната поминува под објекти се проектира нова водоводна мрежа која ќе овозможи нормално водоснабдување на станбените и деловните објекти, а истовремено ќе овозможи работа на хидрантите за време на пожар. Постојната водоснабдителна мрежа се задржува целосно.

Предвидена е нова водоводна мрежа да се поврзи на постојните главни линии изведен под постојните улици.

За одведување на фекалните води постои мрежа која го покрива дел од опфатот и обезбедува соодветно одведување на фекалната вода надвор од опфатот. Потребно е на дел од новопланираните улици да се предвиди нова фекална канализација која ќе се поврзи на постојната во опфатот.

За одведување на атмосферските води постои мрежа која го покрива дел од опфат и обезбедува соодветно одведување на атмосферската вода надвор од опфатот. Потребно е на дел од новопланираните улици да се предвиди нова атмосферска канализација која ќе се поврзи на постојната во опфатот.
При планирањето на системите за водоснабдување и канализации почитувани се следните закони, правилници, уредби и останата важечка документација:

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 83/09,47/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16);
- Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 148/10, 47/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.Весник на РМ бр.68/05, 28/06, 103/08 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16);
- Закон за води (Сл.Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 83/18);
- Правилник за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл.Весник на РМ бр. 26/18);
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на РМ бр.18/99);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14), Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18);
- Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.В на РМ бр.142/15);
- Целта на воспоставената регулатива е обезбедување квалитетно водоснабдување, запирање на трендот на загадување на водите и нивно подобрување до ниво на законски пропишан квалитет.

3.1.6.2.1. Водовод

Потребните количини за водоснабдување на опфатот во голем дел ќе се обезбедат од постојната водоводна мрежа во опфатот од улиците ул.“Самоилова“ со профил Ф400 и ул.”Трајко Николоски” со профил Ф150,
Потребните количини на вода за пиење во опфатот е за 2423 жители и 600 вработени.
Qsr/den = N*Q0 = 3023*350 = 843 150(л/ден)
Q0=350 - водоснабдителна норма за жител (л/д/ж)
Qmax/den = Qsr/den*a1 = 843 150 *1.3 = 1 058 050(л/ден)
Qmax/h = Qmax/den*a2 / 24 = 1 058 050*1.5 / 24 = 66 128,13 (л/час)
a1 и a2 - коефициенти на дневна и часова нерамномерност
Меродавните протоци за димензионирање ќе бидат:
qsr/den = Qsr/den / 86400 = 1 058 050 / 86400 = 12,25(л/сек)
qmax/den = Qmah/den / 86400 = 12,69 (л/сек)
qmax/h = Qmah/h / 3600 = 66 128,13 / 3600 = 18,37 (л/сек)

Предвидена е реконструкција на сите постојни азбестно цементни цевки во опфатот, дел кои помонуваат низ објекти или низ градежните парцели се дислоцирани по постојните или планираните сообрајќајници.
Некои од дијаметрите дадени во графичкиот прилог може да претрпат промени при изработка на детална хидрауличка пресметка во основниот проект.

3.1.6.2.2. Фекална канализација

На предметниот плански опфат постои сепаративен фекален канализационен систем, односно одведувањето на фекалните отпадни води веќе се одвива засебно од прифаќањето и одведувањето на атмосферската канализација. Во планската документација потребно е дополнување на фекалната мрежа е по новопроектираните краци.

Во фекалната канализациона мрежа ќе се испуштаат санитарните отпадни води.

Количината на отпадната вода се зема 80% од потрошувачката на вода (Qmax/h), зголемена за 25% од инфилтрација на туѓи води и изнесува:

Qotp = 1.1*0.8*qmax/h = 16,17(л/сек)

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

Постојната фекална канализација се задржува. Приклучокот на новата фекална канализација на постојната мрежа може да биде на постојна шахта или да се приклучи на нова шахта изградена на постојната фекална канализација.

Ново проектираната канализациона мрежа се состои од систем на цевководи и шахти. Препорачливо е да се води по осовината на сообраќајниците. Падот на канализацијата претежно го следи падот на сообраќајниците. Некои од дијаметрите дадени во графичкиот прилог може да претрпат промени при изработка на детална хидрауличка пресметка во основниот проект.

Предвидено е новопроектираната мрежа за фекална отпадна вода да биде поврзана на постојната фекална колекторска канализација Ø600мм на улицата Трајко Николоски. Како и останатата отпадна вода од градот Прилеп. Отпадната вода од планскиот опфат, ќе се испушта во новата пречистителна станица за отпадни води, која се наоѓа на 1500м југозападно од планскиот опфат.

3.1.6.2.3. Атмосферска канализација

За одведување на атмосферските води од дадениот опфат испланирана е атмосферска канализација по новопроектираните улици која ќе ја одведе до постојната атмосферска канализација, односно евидентираниот атмосферски канал.

Ново проектираната канализациона мрежа се состои од систем на цевководи и шахти. Приклучокот на новата атмосферска канализација на постојната мрежа може да биде на постојна шахта или да се приклучи на нова шахта изградена на постојната атмосферска канализација. Препорачливо е да се води по понискиот дел од профилот на сообраќајниците. Падот на канализацијата претежно го следи падот на сообраќајниците.

Некои од дијаметрите дадени во графичкиот прилог може да претрпат промени при изработка на детална хидрауличка пресметка во основниот проект.

3.1.6.2.4. Хидрантска мрежа

За прва превентивна заштита од пожар проектирани се надземни пожарни хидранти вкупно 33 хидранти, поврзани со затворена мрежа од цевки со профил Ф100.

ППЗ за опфат со помалку до 5000 жители се претпоставува веројатност од појава на еден пожар со времетраење 2 часа и истовремена работа на два хидранти со Qпож.=10 л/сек.

Во рамките на планскиот опфат предвидено е да се постават надземни улични пожарни хидранти на растојание од еден до друг од 100 до 140м, така што покриеноста на објектите да биде во радиус од 50 до 70 м.

3.1.6.3. Електроенергетика

Основното решение за разгледуваниот ДУП опфаќа површина од 161830,79 м^2, односно околу 16,18ха е предмет на изготвување на основно електроенергетско напојување.

- Во опфатот со градежни парцели е зафатена површина од 101820,76м^2 или 10,18ха.
- Вкупната површина за градење изнесува 51780,47м^2 или 5,18ха.
- Вкупната бруто развиена површина се предвидува 143604,12м^2 или 14,36ха.
- Процентот на изграденост на ниво на плански опфат изнесува 50,85%
- Коефициентот на искористеност на ниво на плански опфат изнесува 1,41

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следниве електроенергетски параметри:

Одредување едновремена снага за домување

Инсталирана снага по стан - 12 KW

Коефициент на едновременост - n1 = 0,3

Коеф. на едновременост за бесконечен број станови – n2 = 0,185

Едновремена снага по стан за затоплување и ладење на соби – 3,0 KW

За локалитетот се предвидени 713 станови, па коефициентот е:

n3 = 0,185 + (1-0,185)/713 = 0,186

Едновремена снага за 713 станови изнесува:

Ped1 = 713 x 12 x 0,185 = 1583 KW

Едновремената снага за греење и ладење на 713 станови изнесува:

"ГЕНИКО" ДОО - Прилеп
ул."Андон Слабејко" бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

Ped2 = 713 x 3 x 0,901 = 1927 KW
Едновремената снага за Г (Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта) изнесува:
(коефициентот за таков тип на објекти е 0,05 KW/ м^2)
Ped3 = 0,05 KW/ м^2 x 62921 м^2 = 3146 KW
Едновремената снага за улично осветлување:
Ped4 = 0,0015 KW/ м^2 x 43879 м^2 = 66 KW
Значи вкупната едновремена снага за разгледуваниот простор изнесува:
Ped = Ped1 + Ped2 + Ped3 + Ped 4 = **6722 KW**.
Потрошувачката на ел.енергија е наменета за домување во станбени згради и куќи, мали комерцијални и деловни намени Б1, Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта, а мал дел е наменет за конзумот улично осветлување.
Со оглед на тоа што според мрежните правила од ЕВН стандардни трафостаници кои треба да се предвидуваат се Компактни Армирано-Бетонскати Трафостаница 10(20)/0,4 KV со снага од 1250 KVA, за разгледуваниот простор ја имаме следната пресметка
едновремена снага Ped = 4978 KW
поединечна снага на ТС =1250 KVA (80% е 1000 KVA)
број на трафостаници n
n = 4978 / 1000 = 5
од што следува дека требаат минимум 5 трафостаници. Во рамки на планскиот опфат се планирани седум градежни парцели за трафостаници од кои една е постоечка.
Во разгледуваниот простор има 1 постоечка трафостаница, па се предвидува изградба на 6 нови трафостаници. Овозможен е непречен сообраќаен пристап до трафостаниците преку сервисни, индустриски и станбени улици.
Целокупната нисконапонска мрежа да се реконструира и да се изведе како подземна со оглед на големиот капацитет на употребана снага. Онаму каде има помала снага приклучувањето на објектите на електрична енергија може да се изведе со слободно стоечки ормари, а онаму каде е поголема снагата со НКРО.

Улично осветлување

Целта на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Квалитетот на инсталација за јавно осветлување, зависи воглавно од елементи кои можат да се поделат во три групи:

Според елементите кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширина на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на извор на светлоста и врста на распоред на изворот на светлост;

Според елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на крива на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост;

Според елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз.

Во разгледуваниот ДУП употребени се 2 типа светилки – LED светилки од 120W за осветлување на улиците и Канделабри со флуоресцентни светилки со штедливи сијалици 2x23W за осветлување на партер и пешаки патеки, кои се предвидува да се заменат со соодветни ЛЕД светилки.

Во локалитетот сообраќајниците во поглед на светлотехничките карактеристики, се класифицираат во следниве класи на сообраќајници и следните светлотехнички параметри:

Класа Б – Собирна улица – (2 + 1,5 + 7 + 7 + 1,5 + 2)м
- сјајност на коловозот ... Lm=1,5–2,0 cd/m^2
- средна погонска осветленост ... Em = 30 - 40 Lx.
- просечна рамномерност на осветлувањето ... JLM = 40 %
- висина на поставување на светилките ... H = 10 - 12 m.
- светлосен извор ... (ЛЕД 120 W)
- меѓусебно растојание ... 20-30 m.

"ГЕНИКО" ДОО - Прилеп
ул."Андон Слабејко" бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

- начин на поставување ... двореден

Со овој ДУП, со инсталацијата за јавно осветлување, опфатени се сите сообраќајници. За новопроектираните улици за јавно осветлување на сообраќајниците предвидени се т.н. ,,ПАМЕТНИ,, светилки кои имаат можност за регулација во текот на работата во повеќе степени. Предвидените светилки ги има овие карактеристики:
- можност за контрола на секоја поединечна светлосна точка
- со напојување 1-10 V диммирано со подкод 12.
- со DIG напојување со диода со подкод 0041.
- со виртуелен полуночен субкод 30.
- подводни системи за далечински управувачи со далечински управувач 0078.
- можност за вградување Wi-Fi конекција преку која се контролираат светилки.
- можност за вградување ,,NEMA,, конектори, со чија помош може да се следи слободни паркинг места, положба на автобусите, густина на сообраќај и слично.

Овие светилки се предвидени за новопроектираните сообраќајници и патеки, но исто така се предвидува и замена на постоечите Натриумови со снага од 250W, со LED светилки со моќност 120W за осветлување на улиците и Канделабри со флуоресцентни светилки 2x23W.
Замената со т.н.ПАМЕТНИ на постојните светилки ќе се врши паралелно со обезбедените средства на инвеститорот и поминување на експлоатациот век-употреба на постојните светилки.
Со оглед на трендот за штедење на електрична енергија,предвидените ЛЕД светилки даваат добар светлосен флукс, трошат малку електрична енергија и имаат долг век на траење (живот).
Трафостаницата и електричната мрежа се во владеење на Подружница на ЕВН – КЕЦ Прилеп. Истата ќе изработи Проект за линиска инфраструктрна градба и Основен проект за реконструкција на ТС врз основа на решението дадено во склоп на Деталниот урбанистички план.
Надзермниот далековод кој поминува низ дел од парцелите може во перспектива да планира да се реконструира, и да се замени со подземен кабел доколку инвеститорите низ кои поминува далеководот и ЕВН најдат заеднички интересе за негова реконструкција.

3.1.7. Телекомуникациска мрежа

Телекомуникацискатата мрежа е значаен фактор во развојот на општествениот стандард, со можноста за брзо ширење на секаков вид на информации. Разводната телефонска мрежа е подземна со воздушни изводи до приклучувањето. Во непосредна близина на разгледуваниот простор кој за кој се работи ДУП е изведена телефонска мрежа. Телефонската мрежа е во сопственост на АД “T-Home”.
Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан – телефон, а за јавните содржини се определува според нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучоци, или на секои 100 м^2 по два телефонски приклучоци.
Од ова произлегува дека за планскиот опфат е потребно да се обезбедат околу 1454 телефонски приклучоци за становањето и другите дејности.

- Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле и А1 кои во своите секојдневни развојни активности вршат квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на региони, општини и населени места, изготвување на проекти за развој на GSM мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот и усогласување на развојните планови со одделни институции на државата.
Бројот на базните станици зависи од барањата за капацитетот на мрежата во одреден регион и категоријата на подрачјето кое се покрива: градско подрачје, патишта или рурални подрачја.
Планскиот опфат на ДУП, целосно е покриен со сигнал на 2(два) мобилни оператори.

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

3.1.8. Мерки за заштита

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14), Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), се вели дека со урбанистичкото планирање се предвидуваат мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина и мерки за заштита од разурнувања.

3.1.8.1. Мерки за заштита и спасување

Планирањето во оваа област значи обезбедување на неопходните сообраќајни врски и функционирањето на комуналната инфраструктура, со цел итно згрижување на загрозените луѓе и животни.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува следното:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на атмосферски води
- Оневозможување на противпожарни пречки
- Изградба на објекти за заштита и засолнување
- Изградба на потребна инфраструктура

Засолнувањето во посебни објекти за таа намена - засолништа, како мерка за заштита е регулирана со Законот за заштита и спасување (Сл.В. на РМ бр.36/04) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување (Сл.В. на РМ бр.49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 83/18).

3.1.8.2. Мерки за заштита и спасување од пожар

Заштита од пожар во урбанистичките планови е во контекст на Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 83/18) и Уредба за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл.Вл на РМ бр.100/10).

Со овој ДУП се предлагаат следните параметри:

- Сообраќајните коридори одговараат во целост за манипулирање со противпожарно возило.
- Носивоста на коловозот за ПП возило треба да се димензионира на осовински притисок на возилата врз патот. Истиот треба да биде мин. 10 тони.
- Минимално, профилот на цевките треба да е Ø100 мм, што е запазено при проектира-њето на основната водоводна мрежа.
- Максималното растојание меѓу хидрантите е 80-100м, на растојание од 5-20м од објектот. Хидрантите се надземни.
- Растојанието меѓу градежните линии, заедно со ширината од сообраќајницата, формира противпожарни коридори.

Почитувајќи го нормативот за процент на изграденост на парцелата и коефициентот на искористеност, противпожарните коридори имаат ширина поголема од 10,0 метри, што дава безбедност од аспект на заштита од пожар.

Заштита од пожар во урбанистичките планови е во контекст на Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 83/18) и Уредба за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл.Вл на РМ бр.100/10).

Со овој ДУП се предлагаат следните параметри:

- Сообраќајните коридори одговараат во целост за манипулирање со противпожарно возило согласно член 15 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи Сл.В. на РМ бр.32 од 16.03.2011г.
- Ширината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3,5м, односно шест метри за двонасочен сообраќај.
- коловозната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку 8тони.
- Минимално, профилот на цевките треба да е Ø100 мм, што е запазено при проектира-њето на основната водоводна мрежа.

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

- Максималното растојание меѓу хидрантите е 80-100м, на растојание од 5-20м од објектот. Хидрантите се надземни.
- Растојанието меѓу градежните линии, заедно со ширината од сообраќајницата, формира противпожарни коридори.

Почитувајќи го нормативот за процент на изграденост на парцелата и коефициентот на искористеност, противпожарните коридори имаат ширина поголема од 10,0 метри, што дава безбедност од аспект на заштита од пожар.

3.1.8.3. Мерки за заштита на животната средина

Заштитата на животната средина е во согласност со Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05) и Законот за измена и дополнување на законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 81/05, 24/07, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и други подзаконски акти. Целта на овие мерки, за планскиот опфат се состои во следното:
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Обезбедување на заштита од загадување на воздухот, водата и почвата-управување со отпад;
- Заштита од бучава;
- Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето на планскиот опфат;
- Применувајќи го Правилникот за стандарди и нормативи од аспект на процент на изграденост, коефициент на искористеност и планирана површина за градба, се створени услови за оптимална инсолација и аерација, а со тоа се создадени услови за здрав и хуман живот.

Примарно е да се реализира планираната сообраќајна мрежа со што ќе се створат услови за несметано движење на протовпожарните возила и за возилата за комунален отпад така да покрај што безбедно и на хигиенски начин ќе се собираат отпадните материи исто така нема да се создава прашина во просторот.

Со планската документација дадени се решенија за водоводната, фекалната и атмосферската канализациона мрежа така да со нивно реализирање нема да се наруши здравата животна средина.

Исто така за градежните парцели со намена Г, соодветно да се третираат технолошките води со нивни третман со пречистителни станици пред да се приклучат во планираната фекална канализација

Секоја градежна парцела треба да се поврзи на планираната комунална инфраструк-тура.

Секоја парцела треба да има канта за комунален отпад.

Од противпожарен аспект, заштитата е со противпожарни хидранти.

Советот на општината, во согласност со националниот акционен план, донесува локални акциони планови.

Планскиот опфат не претставува опасност за животната средина, но со реализација на истиот, ќе се створат услови за здрава животна средина.

Заштитата на животната средина е во согласност со Законот за животна средина и Законот за измена и дополнување на законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) и други подзаконски акти. Целта на овие мерки, за планскиот опфат се состои во следното:
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Обезбедување на заштита од загадување на воздухот,водата и почвата-управување со отпад;
- Заштита од бучава;
- Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето на планскиот опфат;
- Применувајќи го Правилникот за стандарди и нормативи од аспект на процент на изграденост, коефициент на искористеност и планирана површина за градба, се створени услови за оптимална инсолација и аерација, а со тоа се создадени услови за здрав и хуман живот.

Примарно е да се реализира планираната сообраќајна мрежа со што ќе се створат услови за несметано движење на протовпожарните возила и за возилата за комунален отпад така да

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

покрај што безбедно и на хигиенски начин ќе се собираат отпадните материи исто така нема да се создава прашина во просторот.
Со планската документација дадени се решенија за водоводната, фекалната и атмосферската канализациона мрежа така да со нивно реализирање нема да се наруши здравата животна средина.
Секоја градежна парцела треба да се поврзи на планираната комунална инфраструк-тура.
Секоја парцела треба да има канта за комунален отпад.
Од противпожарен аспект, заштитата е со противпожарни хидранти.
Советот на општината, во согласност со националниот акционен план, донесува локални акциони планови.
Планскиот опфат не претставува опасност за животната средина, но со реализација на истиот, ќе се створат услови за здрава животна средина.

3.1.8.4. Мерки за заштита на природата

Мерките за заштита на природата се во согласност со Законот за заштита на природата, (Службен весник на РМ бр.67/04) Законот за измена и дополнување на законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 14/06, 84/07, 35/10, 148/10, 47/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14) и се однесува на следното:
- Заштита на природата и Заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.
Во планскиот опфат не се регистрирани природни реткости. Ако во текот на реализа-цијата на урбанистичкиот план се дојде до одредени сознанија за природни реткости, потребно е да се преземат мерки во согласност со Законот.

Мерките за заштита на природата се во согласност со Законот за заштита на природата и Законот за измена и дополнување на законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 148/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16) и се однесува на следното:
- Заштита на природата и Заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.
Во планскиот опфат не се регистрирани природни реткости. Ако во текот на реализа-цијата на урбанистичкиот план се дојде до одредени сознанија за природни реткости, потребно е да се преземат мерки во согласност со Законот.

3.1.8.5. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

- Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвадилизирани лица.
Формулацијата на барањето експлицитно укажува на тоа дека се работи за архитектонски, а не урбанистички проблем. Составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Сепак како планска урбанистичка мерка се предлага по ширината на пешачките премини преку коловозите, меѓу тротоарите и коловозите да нема рабови, туку да се предвидуваат рампи со најголем наклон од 20% или во однос 1:5, а оптимален наклон од 8,33 или во однос 1:12, како би можеле инвалидските колички да ја совладаат денивелацијата меѓу коловозите и тротоарите во согласност со член 75, член 76, член 77, член 78 и член 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, 33/17 и 86/18). Исто така потребно е вградување на овие рампи во сите производни и непроизводни објекти со цел истите да бидат достапни за инвалидизирани лица, поготово во оние објекти каде се очекува нивно вработување.

3.1.8.6. Мерки за заштита на културното наследство, конзерваторски основи

Во одговорот на Барањето за податоци од страна на Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Прилеп со бр.09-406/2 од 20.10.2019 г. е наведено дека од страна на стручна екипа на НУ Завод и Музеј – Прилеп е извршен увид во рамки на наведениот опфат при што е констатирано дека во предметниот опфат не се регистрирани остатоци од културно наследство.

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

Доколку при евентуални градежни или други земјени активности на наведениот простор се наиде на остатоци со културна вредност (архитектонски недвижни целини или археолошки движни наоди), инвеститорот е должен да запре со активностите, да ја извести надлежната установа НУ Завод и Музеј - Прилеп и да овозможи стручни лица да извршат идентификација на наодите, а по потреба да се извршат заштитни археолошки ископувања и да се спроведат мерките од членот 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

3.1.9. Општи услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште на планот

Со општите услови се дефинира планскиот опфат за да се реализира во целост според важечката законска регулатива - Закон за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.В. на РМ бр.199/14), Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.В. на РМ. бр. 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр. 142/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.В на РМ бр.142/15) согласно член 5 од истиот.

Наменска употреба на земјиштето – класи на намена
Со Деталниот урбанистички план, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 28, 29, 30, Член 31 став (2) и табела 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17):
*Домување - група на класа на намена А;
*Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намена Г;
*Заштитно зеленило – основна класа на намена Д2.
1. Домување - група на класа на намена А;
1.1. Домување во станбени куќи - Основна класа на намена А1;
1.2. Домување во станбени згради - Основна класа на намена А2;
1.3. Времено сместување – Основна класа на намена А4;
1.4. Мали комерцијални и деловни намени Б1 - таксативно наведена за ГП бр.6.2.2, како алтернативна класа на намена - согласно член 31, став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ број 142/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18);
2. Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намена Г
2.1. Лесна и незагадувачка индустрија - Основна класа на намена Г2;
2.2. Сервиси - Основна класа на намена Г3 и
2.3. Стоваришта – Основна класа на намена Г4.
3. Заштитно зеленило – Д2;
3.1. Заштитно зеленило на железничка пруга Прилеп-Битола, коритото на река Ореовечка и заштитен појас меѓу наменските зони А и Г согласно ГУП;
3.2. Парковско зеленило - Основна класа на намена Д1.
4. Инфраструктура - група на класа на намена Е;
4.1. Комунална супраструктура – класа на намена Е2 трафостаници до 20Кв.
2. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба.
3. Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
Градежна парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење и истата има реден број и ознака за класата на намена.

"ГЕНИКО" ДОО - Прилеп
ул."Андон Слабејко" бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

4. Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
5. Површина за градење е планска одредба со која во урбанистичкиот план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градби. Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површините за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површини за градење ќии што граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во двокуќи, низа, уличен фронт и сл.
6. Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Во случаите кога во урб. планови во една градежна парцела се утврдува простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на архитектонско-урбанистички проект.
7. Во вкупната изградена површина, која претставува збир на површините на сите изградени спратови на градбата, не влегуваат површините од дозволените пречекорувања на првостепената, второстепената и третостепената пластика од член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18 и 168/18).
8. Процентот од вкупната должина или површина од фасада кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика ќе се дефинира во согласност со архитектонското обликување на објектите. Истиот не може да надмине 60% од површината на фасадата. Вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од еркери и други дозволени пречекорувања согласно член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр. 142/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
9. Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување на градежната линија согласно член 37 од Правилникот. Максималната висина на градбата се одредува согласно член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18 и 168/18)..
10. Максимална височина на нулта плоча. Со урбанистичкиот план се утврдува висинската кота на приземната плоча на градбите т.е. нулта плоча во однос на теренот во урбаните подрачја, а во руралните доколку постојат услови за тоа.
- За класите на намена А1 и А2 максималната височина на нулта плоча до 1,2м;
- За класите на намена Б1 максималната височина на нулта плоча од 0,15 до 1,20м, додека за класите на намена Г2, Г3 и Г4 каде потребите на инвеститорот и проектното решение наложува примена на утоварно-растоварни рампи, максималната височина на нулта плоча во делови од градбата да биде од 0,15 до 1,20м
11. Максималната височина на слеме е до 4,5м над завршниот венец на градбата. За објектите со основна класа на намена А1 и А2 во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по актовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една спратна висина.
За класите на намена Г2, Г3 и Г4 максимална височина на слеме ќе се утврди со изработка на проектна документација – основен проект во зависност од типот на кровна конструкција, а согласно потребите на технолошкиот процес во градбите.
12. Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:
- кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи;
- оџаци вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко технолошки инсталации и

“ГЕНИКО” ДОО - Прилеп
ул.“Андон Слабејко” бр.46, 7500 Прилеп; тел.048 411953;
e-mail: geniko@geniko.com

- сите архитектонски декоративни елементисо кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

13. Растојанијата на површините за градење до границите на градежните парцели да биде согласно член 36, став (2) до став (8) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.В на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 33/17 и 86/18). Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 мерти дозволени се само помошни отвори со парапет најмалку 1,60 метри, а на растојание од 3,0 метри0 и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна на градбата.

14. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

15. Површина за паркирање содржи површина за стационирање на возило во мирување, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа.

